# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 март 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Александар Спасеновски, Оливер Шамбевски, Горан Петров, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Фијат Цаноски, Тито Петковски, Владо Бучковски и Илинка Митрева, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за ветеринарно здравство.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор претставникот на Владата заменик министерот за земјоделие Перо Димшоски, повелете.

**Перо Димшоски:** Господине потпретседателе, сакам само на кратко да образложам зошто ни е потребен еден закон за ветеринарно здравство.

Една од најважните причини е дека прв пат во Република Македонија се воведува закон за ветеринарно здравство што сеопфатно ја обработува проблематиката на ветеринарното здравство и безбедноста на храна. Тоа ќе биде најголемата придобивка од овој закон. Овој закон е еден од тие закони на Европската унија што се бараат за усогласување на политиката на Република Македонија во областа на земјоделството со политиката на Европската унија во земјоделството или така наречена ЕУ - АКУИС.

Еден голем дел од овој закон опфаќа материја која до сега не е обработена, како што е барањето за идентификување и регулирање на сите ветеринарни активности кои се во надлежност на државата.

Понатаму јасно се одредуваат одговорностите и надлежностите на министерот, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и директорот на Управата за ветеринарство при истото Министерство.

Посебен осврт е даден на тековните обуки кои се потребни да бидат во еден имплементирачки тек, во еден постојан пристап при подигањето на институционалниот капацитет на оваа институција и тоа е во согласност со европската регулатива 3204 АР0854, тоа е една позната регулатива каде е опфатена областа на збиднувањето на институционалниот капацитет.

Законот јасно ја дефинира улогата на Ветеринарната комора. Една новина е задолжително членство за докторите по ветеринарна медицина во таа Ветеринарна комора.

Други општи одредби на пример мерки при контрола на болести, утврдување на институцијата и лицето кое точно ги контролира некои болести кои ненадејно се случуваат, како што беше сега со птичји груп, сето ова е со формирање на оперативни штабови и улогата на сите субјекти во тој процес се регулирани со овој закон, што е исто така во согласност со европските регулативи.

Една област која не е добро дефинирана со сегашните закони е прометот на живи животни. Водењето на документиран пристап кон здравствената состојба на животните, законот оди во детали на пример во кој дел спаѓа општинската надлежност, во кој дел спаѓа регионалната надлежност итн.

Се регулира транспортот на животни, транзитот на животни како и финансирањето и трошоците кои се поврзани со сите овие активности кои произлегуваат од законот. Тоа е една голема новина, па затоа предлагам да пристапите кон усвојување на овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас би сакал да дадам свое видување околу овој закон за ветеринарно здравство. На почетокот да кажам дека и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство овој закон беше едногласно поддржан како од позицијата така и од опозицијата или од сите членови на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Од СДСМ беше поддржан од причини што законот е во прва фаза и се надеваме, без разлика што имаме одредени забелешки, ќе ги кажам во натамошното излагање, бидејќи се работи за закон кој треба да се усогласи со Законот на Европската унија, ќе го поддржиме надевајќи се дека во втората фаза ќе биде со одредени измени односно одредени сугестии кои ќе дојдат од одредени стручњаци, министерства, ќе бидат вградени во овој закон за ветеринарно здравство.

Ќе се навратам на неколку члена кои сакам да ги дообјаснам и за кои мислам дека има одредени недостатоци. Сега би сакал да нафрлам некои недостатоци со што не е задоволена Ветеринарната комора, тоа се однесува на еден член, но не знам кој, се бара Ветеринарната комора да има најмалку три доктори по ветеринарна медицина, што за нив не е прифатливо, бидејќи ќе го оптоварува нејзиниот буџет.

Понатаму, за Ветеринарната комора нивното барање е да има задолжителна членарина.

Кога зборуваме општо би сакал да кажам за членот 18. Во овој член се предвидува во Македонија да можат да работат стручњаци, научници, предавачи или универзитетски професори од странство, по покана од институција на Република Македонија. Став е на одредени стручњаци и на Ветеринарната управа и на Ветеринарната комора за да можат странски стручњаци и доктори по ветерина да работат во Македонија или да дојдат за одредена еднократна работа, треба да добијат лиценца од Ветеринарната управа и од Ветеринарната комора.

Во изминатиот период имаше реакција пред година дена кога имаше кастрирање на кучињата во Скопје и во Западна Македонија Тетово и Гостивар, тогаш имаше реакција од Ветеринарната комора и Ветеринарната управа дека не се консултирани со нив, односно им немаат издадено лиценца на оние стручњаци или доктори кои беа дојдени од странство и ја вршеа оваа работа во Македонија.

Конкретно би сакал нешто да кажам за членот 4. Во членот 4 се предвидува како органи и институции преку кои треба да се остварува јавен интерес односно Државната ветеринарна служба на територијата на Република Македонија треба да врши соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот, директорот на надлежниот орган и Факултетот за ветеринарна медицина, како и Национална референтна лабораторија.

На овој член има реакции од одредени институции. Бидејќи не сум стручњак по ветерина, сепак во консултација со стручњаци, нивното мислење е дека со овој член се дава преголема важност и се фаворизира Факултетот за ветеринарна медицина во однос на Националната референтна лабораторија. Тоа значи дека би требало и би било подобро покрај овие три става од членот 4 да се одвојат, да останат до три исто Факултетот за ветеринарна медицина, а под 4 да биде Национална референтна лабораторија, а ставот 5 ветеринарни амбуланти, клиники и болници, членот 6 Ветеринарната комора во зависност од статусот на комората.

Доколку погледнеме во членот 5 став 1 точка 6 министерот назначува референтни лаборатории домашни или странски, го определува подрачјето на нивно делување, ги одредува нивните обврски согласно овој или друг закон од областа на ветеринарното здравство и безбедност на храна. Од таа причина во член 4 став 1 точка 3 не треба да стои Факултетот за ветеринарна медицина како Национална референтна лабораторија. Со таквото позиционирање во законот по дифол се фаворизира Факултетот за ветеринарна медицина како Национална референтна лабораторија.

Бидејќи на еден начин се бара измена во овој член 4 за да не се фаворизира Факултетот за ветеринарна медицина по логиката на нештата, спрема тоа што треба понатаму да следи, би требало и членот 8 да гласи Национална референтна лабораторија.

Сега не сакам да ги елаборирам да не задржувам да одам по ставови, нормално е дека треба да биде Национална референтна лабораторија каде треба да биде Факултетот за ветеринарна медицина, треба да биде Национална референтна лабораторија. Текстот треба да претрпи измени во сите членови, ставови и потставови каде фигурира Факултетот за ветеринарна медицина.

Околу оваа работа би сакал на крајот едно дообјаснување, како што е прикажано во членот 8 од Предлог законот дека на старт се озаконува и се дава правото на Факултетот за ветеринарна медицина да биде Национална референтна лабораторија. Таквото законско позиционирање е во спротивност со духот на демократијата и слободното економско општество.

Јасна ми е идејата на изработувачот дека во моментот не постои друга релевантна институција која може да ги исполни условите кои се бараат од една референтна лабораторија како идеја да му се овозможи на Факултетот за ветеринарна медицина да има полесен пристап до европските фондови за опремување и обучување на соодветни кадри. Тоа може да се направи и на друг начин како на пример Владата да издаде гаранција дека во моментот Република Македонија нема друга приближна опремена и оспособена лабораторија и дека со минимални средства Факултетот за ветеринарна медицина најбрзо ќе ги достигне критериумите за да биде Национална референтна лабораторија или со самото склучување на договор за референтната лабораторија само по себе ќе му донесе бенефит на Факултетот за ветеринарна медицина за полесен пристап на европските фондови за натамошен развој и опремување.

Има уште еден важен момент, а тоа е дека нема потреба сите лабораториски испитувања и проби да се врзуваат за една лабораторија, како што е прикажано во Предлог решението на законот. Постои можност одредена лабораторија да биде специјализирана за одредени истражувања при испитувањето. Тоа е околу членот 4 и мислам дека тука треба да се направи измена, да не се фаворизира Факултетот за ветеринарна медицина во однос на Националната референтна лабораторија.

Има уште 3 - 4 члена за кои сакам накратко да објаснам. Првото се однесува на членот 9. Членот

9, според предложениот закон за ветерина, тоа се однесува на здружување на Ветеринарната комора. Би сакал да кажам околу ставот 2 во кој се вели: “сите физички лица за кои работат како доктори по ветеринарна медицина во Република Македонија мора да бидат членови на Ветеринарната комора”. Овде би требало, според мене, една мала измена да се додаде “освен ветеринарните доктори кои работат во органите на државната управа”.

Понатаму во истиот член ставот 3, овој став се однесува “тој е со цел да ги врши своите задачи на ефикасен, транспарентен и независен начин, Ветеринарната комора може да воведе членарина”. Тука има реакција од Ветеринарната комора дека треба да воведува членарина, а не може. Значи, да воведува, тоа значи на еден начин задолжително. Нормално тоа ќе биде со воведување на оваа задолжителна членарина во Ветеринарната комора која финансиски би се поткрепувала и би имала услови за функционирање.

Во истиот член ставот 6 би сакал да кажам дека “издавањето и одземањето на лиценци за работа од овој член Комората ги врши според правилата утврдени во Статусот на Комората кои ги одобрува министерот”. Има реакција дека не треба да биде министерот, туку по Статутот на Комората и тоа да се регистрира во Основен суд. Да се исфрли зборот “министер” од овој став.

Исто и ставот 7 се однесува на министерот и наместо тој да биде надлежен за контролирање на незадоволните страни, треба да биде Основниот суд на Република Македонија, а не министерот.

И тука имам 2 -3 става кои со мали измени може да се каже дури и со по еден збор во реченица, би сакал да слушне заменикот министер да се има во предвид при натамошниот текст на изработка на втората фаза на овој закон.

Измената се однесува на членот 18. По ставот 1 да се додаде нов став. Одредбите од ств 1 не се однесуваат на лицата вработени во државни органи на управата, како што кажав претходно за членот 4.

Во членот 19 да се избрише зборот “приватни” затоа што во Македонија немаме приватни и државни ветеринарни болници, клиники, туку сите се приватни и затоа треба да се избрише овој збор, да не постои зборот “приватни”.

Во членот 32 став 2 би требало според тоа како е даден, би требало да гласи вака: “покрај условите од Законот за јавни претпријатија, учесниците треба да обезбедат доказ за вработување на доктори по ветеринарна медицина кои можат да бидат назначени за овластени ветеринари, да ги исполнуваат техничко-технолошките услови за вршење на дејноста во поглед на соодветни објекти, опрема и најмалку една година да имаат решение за вршење на ветеринарно здравствена дејност”. Значи, најмалку една година, овде нема спомнато временски период, па мислењето на одредени стручњаци од оваа област, а мислам дека и заменик министерот го има слушнато лично од Ветеринарната комора и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека тука се бара овие луѓе да имаат една година работно искуство.

Би требало поради познавање на теренот во членот 34 да се додаде нов став 4. Значи Јавното претпријатие од став 3 ќе престане да функционира во моментот кога ќе се создадат законски услови за друга ветеринарна организација да ги врши активностите од член 22 и 26.

Исто така и во членот 47 треба да се додаде нов став во смисла дека надлежниот орган во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за локална самоуправа да одредат уред, локации за нештетно оценување на крупниот добиток или животни кои може да се случи по основ на уништување и изумирање и болести, да се обезбеди локација и како што стои во новиот член, мислам дека е потребна соработка и допрецизирање меѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за локална самоуправа, но и со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се определат локации, бидејќи сега во Република Македонија мислам дека нема ниту една општина локација за тие потреби.

На крајот во членот 98 исто така би требало да се додаде еден нов став кој би гласел: На ветеринарните станици кои досега ги исполнувале условите за вршење на ветеринарна дејност, Управата за ветеринарство ќе им издаде нови решенија за ветеринарни клиники без финансиски надомест.

Ова се моите забелешки и забелешки на одредени стручњаци од оваа област. Ако нешто сум згрешил се извинувам затоа што не сум стручњак во оваа област, но се потрудив во изминатиот период да остварам контакт со еминентни луѓе од оваа област и забелешките се тие. Се надеваме дека во втората фаза, барем така кажа и заменик министерот на едно предавање дека ќе ги разгледаат сите забелешки од сите релевантни фактори кои ќе дојдат по овој Предлог закон за ветеринарство и што е добро ќе биде прифатено и внесено во предлог законот.

На крајот би сакал да кажам дека ,и покрај тоа што имаме одредени забелешки, законот е добар. Тоа се мали промени за кои јас зборував.Законот ќе го поддржиме од причина што овој закон треба да го донесеме поради Европската Унија, за напредок на Македонија, за доброто на Македонија. Толку би кажал и се надевам дека во втората фаза ќе бидат земени предвид сите добри забелешки или предлози од Министерството односно Владата.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Панче Дамески. Повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Почитуван заменик министер, во основа се согласувам со забелешките. Тие беа доста конструктивни, се гледа дека господинот пратеник контактирал и се консултирал со мои колеги, меѓутоа, би реплицирал во однос на националните референтни лаборатории.

Македонија како држава мора да има национални референтни лаборатории и тоа е во согласност со уредбата 882 од 2004 година од Европската Унија и според таа уредба мора да ги организираме нашите лаборатории. Според таа уредба постои можност покрај националните референтни лаборатории да постојат и овластени лаборатории, значи тука треба да обрнеме внимание.Се согласувам дека не е добро да се даде ексклузивитет само на Ветеринарниот факултет, меѓутоа, ние мора да ги следиме одредбите на Европската Унија. Сите оние лаборатории кои ќе ги исполнуваат тие одредби, техничко-технолошки од стручен аспект кои ќе добијат акредитација, тогаш можат да извршуваат работи од јавен интерес за земјата. Не може било која лабораторија, макар и за едно испитување, за една болест, не може тоа да го врши ако не ги исполнува условите од уредбите кои се дадени согласно Уредбата на Европската Унија. Тука треба да се размисли, покрај националните референтни лаборатории, да се оди на воведување на овластени лаборатории, меѓутоа, кои ќе ги задоволуваат овие високи критериуми за вршење на испитување од јавен интерес на земјата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, почитуван заменик министер, почитуваи колеги пратеници,

Добро е што овој закон дојде во собраниска процедура од аспект што претставува еден закон што е целосно усогласен со европската легислатива, односно со европското законодавство. Знаеме дека овој закон е работен уште од 2004 година . . .

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам малку за внимание.

Продолжете колега.

**Влатко Серафимов:** Ако не е интересно, да прекинеме со дискусиите и да преминеме на гласање. Нека обезбедат кворум, да го изласаме законот ако не е интересен. Ова е еден од најбитните закони за ветеринарството во Република Македонија. Како ќе напредува Република Македонија ако не разговараме за ветеринарството.

**Иван Анастасовски:** И јас се согласувам колега. Тука е претставникот на Владата, добро е да ги споделите аргументите за да биде овој закон поквалитетен. Повелете.

**Влатко Серафимов:** Се надевам дека ќе побуди интерес и кај владеачката партија. Сакам да кажам дека овој закон е работен уште во 2004 година, при што беа вклучени многу меѓународни институции и меѓународни експерти. Добро е што конечно Република Македонија ќе добие закон за ветеринарно здравство, закон што треба да се применува на територијата на цела Република Македонија.

И на седницата на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство имав една дискусија во која кажав дека ова е прва фаза на законот за ветеринарно здравство и дека може да претрпи одредени промени. Промените, што се однесува до мене, во овој закон треба да се внесат во еден член во кој ќе биде определено кој може да биде директор на Ветеринарната управа во Република Македонија. Во овој закон тоа не е предвидено, а сметам дека е од битно значење кој ќе раководи со институцијата во Ветеринарната управа. Имаме ситуација во која што член 7 ги пропишува сите активности на директорот на Управата за ветеринарство. Ако ние немаме стручно лице за директор во Ветеринарната управа, тогаш сметам дека овој член 7 треба да биде избришан.

Само ќе напоменам неколку сегменти за тоа Што предвидува член 7. Во оваа ситуација во Република Македонија ние имаме директор на Управата за ветеринарство кој нема никаква врска со ветерината. Не сакам да зборувам за човекот, за неговите квлаитети, меѓутоа, сметам дека ако ние во наредниот период не дадеме некоја одредба во која човекот кој ќе биде назначен за директор за Управата за ветеринарство треба да биде стручно и компетентно лице, тогаш членот 7 може да постои. Доколку имаме ситуација во која ќе биде избран за директор кој нема никаква врска со ветерината, тогаш член 7 треба да се избрише.

Затоа, уште еднаш ќе спомнам кои се активности на директорот на Ветеринарна управа. Во точка 2 предлага листа на болести, кои задолжително се пријавуваат до министерот. Како може дипломиран правник или дипломиран економист да предлага листа на болести.

Став 3: “му предлага на министерот донесување на закони и други прописи и акти од областа на ветеринанрното здравство”. Какви закони и прописи ќе донесе човек кој не е ветеринар?

Точка 6: “потпишува и раскинува договори со ветеринарните амбуланти, клиники и болници”.

Став 13: “го советува министерот за насоките, приоритетите во полето на ветеринарното здравство”. Замислете, министер можеме да имаме ветеринар, директор на Ветеринарната управа да биде економист и економистот да го советува министерот. Тоа е парадоксално.

Забелешки по овој закон сигурно ќе има, меѓутоа, во прва фаза сметам дека овој закон треба да помине така како што е, но ова го кажувам од аспект во наредниот период да обрнеме внимание на ова што го кажувам.

Што се однесува до имплементација на законот, знаеме дека ова е прва фаза, ќе треба уште една фаза и на крајот да го донесеме. Не можеме овој закон да го имплементираме без референтни лаборатории, акредитирани лаборатории. Прво

мора да завршиме со акредитицијата на лабораторијата, а јас исто така предложив и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, да имаме најмалку две акредитирани лаборатории на територијата на Република Македонија. Зошто? Затоа што ние сме држава од 2.000.000 луѓе и повеќе акредитирани лаборатории нема да бидат ниту рентабилни ниту функционални. Замислете ако во секој поголем град ние имаме акредитирана лабораторија, како ќе опстојуваат тие лаборатории. Не е само да ги либерализираме и да имаме повеќе акредитирани лаборатории на територијата на Република Македонија, меѓутоа, тие треба и рентабилно да работат.

Самите знаете дека овој закон без акредитирана лабораторија немаше да функционира. Акредитацијата на лабораториите треба да биде и да се заврши уште сега додека законот е во прва фаза. Знаеме дека се доцни со акредитацијата на лабораторијата, меѓутоа, сметам дека имаме време да ги забрзаме работите и да акредитираме барем една во овој период, а во наредниот период треба да има уште една која ќе биде територијално според бројот на стоката.

Јас би кажал толку, се надевам дека овој закон многу брзо ќе дојде во втора фаза.

Мислам дека невкусно од колегите во првиот ред, господине потпретседателе треба да создадете услови седницата да тече како што треба.

**Иван Анстасовски:** Јас се извинувам, но немам ниту деловнички ниту законска форма да им ги исклучам телефоните на колегите пратеници.

**Влатко Серафимов:** Сметам дека прво е невкусно и некоректно од колегите пратеници кога се дискутира од говорница да бидат несериозни и да разговараат на телефон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Уште еднаш ви се извинувам, но ќе повторам дека немам ниту деловничка ниту законска можност да ги исклучам телефоните на колегите кои зборуваат внатре во салата.

Процедурално, три минути има патеникот Илија Китаноски. Повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе.

Навистина морам да реагирам на оваа зачестена појава од колегите од опозицијата да се бара од претседавачот или претседателот на Собранието и од пратениците да биде потполна тишина во салата, затоа што-добро, колегата е пратеник во новиот состав-во минатиот состав кога тие беа апсолутно мнозинство ниту имаше некоја поинаква пракса, ниту во салата имаше поинаква атмосфера, дури беше и многу побучно, погласно и понесериозно и не можевме сами себеси да се слушнеме кога дискутиравме. Има и снимки од тоа, така што ова не е само празно зборување. Мислам дека постојаното инсистирање на една таква работа е креирање на ситуации и проблем што не постои. Ова е Парламент, сите пратеници се тука, со должно внимание ја следат седницата онолку колку што тие сметаат дека треба да ја следат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас реков дека моите деловнички можности се толкави.

Процедурално три минути пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине потпретседателе, морам да реагирам затоа што се стекна впечаток дека во претходниот мандат парламентарното мнозинство правело бука и ја оневозможувала опозицијата да дискутира и да се слушне. Да потсетам само дека тогашната опозиција беше таа што тропаше и лупаше со метални шипки и практично оневозможуваше нормална работа на Собранието.

Ние не реагираме во непотребни ситуации, меѓутоа, некогаш атмосферата во салата е до тој степен бучна што ни оневозможува потполна концетрација и дискутирање. Ние не спориме дека пратениците можат да разговараат меѓу себе или да разговараат на телефони се до оној момент додека не ги попречуваат во тоа дискусиите кои во тој момент се одвиваат и вие ќе се согласите, сте биле пратеник и во претходниот мандат дека во таков случај навистина човек додека зборува е невозможно потполно да се концентрира. Само во тие случаи нашите пратеници реагираат на останатите пратеници. Тоа да биде јасно дека не е тенденциозно воопшто, туку напротив едноставно се чувствува потреба од создавање услови за нормална дискусија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути процедурално за пратеник Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитувам потпретседателе.

Еве, јас ќе се придржувам и на она што беше кажано во новиот Деловник и ќе кажам по кој член реагирам процедурално. Имено, по член 88 од Деловникот и член 89. Оваа забелешка се однесува на вас, затоа што кажавте дека вие не сте должни, напротив, сте должни да го одржувате редот. Членот 88 вели:"За одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Собрание. За повреда на редот на седницата претседателот на Собранието (се однесува и на претседавачот) може да го опомене и да одземе збор на пратеникот".

Во членот 89 исто така се велил дека "претседателот на Собранието ќе го опомене пратеникот ако со своето однесување" да не цитирам понатаму "го нарушува редот ". Исто така за одземање на збор, еве сакам и тоа да го кажам, не му дал со упаѓање во збор на говорникот или со слична постапка, го нарушува редот на седницата и одредбите на овој Деловник. Значи, сепак имате должност да им овозможите на пратениците. Знам дека не можете во буквална смисла да бидете стражар и тоа го разбирам. Мене единствено ми се наметнува дилема за незаинтересираноста на пратениците

од парламентарното мнозинство кога говориме дури и за закони кои се усогласување со Европското законодавство и го носат знакот на Европската Унија. Од друга страна кажуваме дека ги кочиме процесите. Јас мислам дека само изгласувањето на законите без да дадеме сите придонес за подобрување на квалитетот за да можат тие понатаму успешно да се имплементираат не постигнуваме ништо. Кога пратениците ќе покажат доволна заинтересираност, ќе ги следат говорите, секако и со реплики ќе учествуваат за нивно подобрување, дури и со квалитетни дискусии, тоа ќе го почитувам.

Мене лично не ми пречи ниту еуфоријата која што ја зафаќа пратениците од парламентарното мнозинство, ниту пак летархијата која на моменти ги обзема. И ние сме тука да дискутираме. Граѓаните се тие кои што ќе ја ценат нашата ангажираност и присутност на седниците.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално пратеник Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Со месеци овој парламентарен состав, односно опозицијата постојано се плаче на тоа како парламентарното мнозинство не ја слуша опозицијата и дека не успеваат едноставно да го скренат вниманието некои пратеници од опозицијата на пратениците од парламентарното мнозинство. Мислам дека тие пратеници од опозицијата треба самите да се запрашаат дали со нивните дискусии успеваат да ги заинтересираат пратениците од парламентарното мнозинство да ги слушаат, бидејќи ние не сме ученици, ниту пак вие сте исто така ученици кои што треба да бараат постојано од претседателот на Собранието, или потпретседателот да го натераат парламентарното мнозинство сите да ги слушаат со внимание. Значи, ние сме овде во овој Парламент да се почитуваме едни со други, меѓутоа не смееме да го злоупотребуваме вниманието на било кого. Никој не може да му каже на било кој пратеник дали со целосно внимание ќе го следи колегата од опозицијата, или пак нема да го следи со целосно внимание. Значи, тие кои што сметаат дека парламентарното мнозинство не ги слуша доволно, треба да се запрашаат зошто постојано само за едни пратеници тоа е така. Мислам дека доволно е заинтересирано парламентарното мнозинство, никогаш досега немало атмосфера во Собранието како што имаше во претходниот парламентарен состав на кој што и јас сум била сведок да ги ставам слушалките на уши за да можам да слушам што зборуваат другите и да можам да одговорам во исто време кога сум зборувала. Такво нешто досега немало.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи имаше 4 процедурални, јас ќе земам за право да одговорам само на она што ме повика директно и мене колешката Роза, бидејќи другите процедурални забелешки генерално не се однесуваат на нешто што е прекршена процедурата во Парламентот. Другите процедурални забелешки не ги земам во предвид. Сакам да ви одговорам. Да, асполутно се сложувам со тоа што го рековте. Јас опоменав, го направив сето она што ми е од овде овозможено за да воспоставам ред. Ред имаше. Немаше некоја посебна да речам атмосфера каде што беше нарушена до тој степен. А сега директно ќе ви одговорам. Јас тоа кажав, немам деловничка ниту законска обврска телефоните да ви ги исклучам овде во салата. Една и вие бевте која говоревте на телефон, требаше да станам од ова место и да ви го земам телефонот, или на било кој, дали на Илија, дали на некој друг колега да ви ги земам телефоните и да ги држам овде кај мене. Јас таква обврска немам, а тоа во најголем дел сите колеги го прават овде. Јас би ве замолил, ако имате толку битни разговори, излезете од левата, или од десната страна на салата и разговарајте. Сега јас не сакам да говорам за минатиот парламентарен состав, или за парламентарниот состав од 90-тите години како било. Јас на колегата му овозможив да има дебата.

Продолжуваме со работа.

Има збор Перо Димшоски, заменик министер за земјоделие.

**Перо Димшоски:** Благодарам потпретседателе.

Јас само сакам да се надоврзам на претходните дискутанти кои што спомнаа некои конкретни работи и сигурно во оваа фаза сите забелешки ги примаме. Меѓутоа, има една забелешка која мислам дека е повеќе прашање на принцип која би сакал малку да ја продискутирам, а тоа е во однос на член 7 да го одредува професионалното образование, професионалната позадина на директорот на Ветеринарна управа. И беа посочени точки зошто би требало да биде човек од ветеринарната струка. Меѓутоа, во тој ист член 7 има и точки кои се во надлежност на директорот на Управата за ветеринарство каде на пример точка 8, ги координира, надгледува и следи активностите од областа на здравствената заштита. Точка 9, обезбедува подготовка на планови за итни мерки, програми, буџети и други активности. Точка 12, раководи со персоналот и годишниот буџет согласно со одредбите од овој Закон. Кога некој ова би го читал би можел исто така да заклучи дека не само што треба тој да биде економист, туку да има 15 годишно работно искуство како раководител во бизнис сектор. Бидејќи тој човек за нас треба да прави планови, треба да прави бизнис планови и програми кои не се во надлежност на ветеринарната струка. Од тој аспект јас мислам дека не е добро да се предодреди струката на директорот на Ветеринарната управа. Ние пред некој ден имавме дискусија околу ИТ секторот во таа Агенција сега што ја формираме и таму исто така имаше некоја забелешка. Овие се принципиелни работи, сакам пратениците и целата јавност да ги знае. Во однос на струката дали треба да има Електротехнички факултет, или Информатички

факултет човекот кој ќе го води ИТ секторот и доколку тоа така го препишевме, имаше една забелешка таму. Значи, Бил Гејтс нема да може да аплицира за тоа работно место, бидејќи тој нема завршено никаков факултет, де факто човекот кој ја создал ИТ струката. Повеќе од било кога во оваа фаза на Македонија и се потребни менаџери. Сегашниот директор на Управата е и те како ефикасен, ние сме презадоволни од неговата работа.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине заменик министер, не е проблемот околу квалитетот на директорот. Не сум компетентен да ја оценувам работата на директорот на Ветеринарната управа. Можеби момчето е способно и успешно ја обавува работата. Меѓутоа ни дава право за сомнежи. Вие од овие 14 точки кои што се ставени во член 7 дадовте само две образложенија во кои што не мора да биде стручен директорот на Управата за ветеринарство. Кажете, дали може директорот на Ветеринарната управа, ако е ветеринар, да најде економист и да ги направи овие две забелешки, или треба да земе повеќе ветеринари и да го советуваат економистот. Тука е разликата. Зборувате за некои струки, можеби сите струки се битни. Меѓутоа, здравството е здравство, дали се работи за здравјето на луѓето, или здравјето на животните, тоа е една иста работа. И според сите европски директиви ние имаме право и должност да се грижиме како за здравјето на луѓето, така и за здравјето на животните. И сега вие ни кажувате тука дека не е спорно, може да биде и вака и така. Може да биде, меѓутоа како квалитетно ќе го советува министерот за насоките и приоритетите во полето на ветеринарното здравство. Па тоа е навреда за сите ветеринари во Република Македонија. Сметам дека и ветеринарната фела во Република Македонија треба да се запраша зошто директор на Управата за ветеринарство не е од нивната струка.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Панче Дамески.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани дами и господа пратеници,

Како ваш колега пратеник и како доктор по ветеринарна медицина имам посебна чест и задоволство, но и одговорност да учествувам во донесувањето на многу важни законски акти од доменот на ветеринарната медицина. Дозволете ми во кратки црти да ви изнесам некои информации кои ќе ве доближат до материјата која во блиска иднина ќе биде предмет на дискусија и усвојување од страна на овој највисок законодавен Дом. Ветеринарната струка станува се поважен чинител во секое општество како од економски уште повеќе и од здравствен аспект. Пред неа денес, а изгледа се повеќе и во иднина се поставуваат многу важни задачи фундаментални за вкупната економија и јавното здравство. Сите сме сведоци на појавата на многу опасни заразни болести кои од животните се пренесуваат на луѓето. Овде би ги спомнал како пример бруцелозата, кравјото лудило и птичјиот грип. Од друга страна постои се поголема грижа и сензибилност за здравствената исправност и квалитетот на храната од животинско потекло, заштита на животната средина и сл. Позначајните цели на ветеринарната професија се да обезбеди ефикасна заштита на здравјето на животните, а со тоа и на здравјето на луѓето, да спроведе ефикасен систем на контрола на производството и прометот на животни производи и храна од животинско потекло во сите етапи. Со тоа треба да се обезбеди соодветен здравствен квалитет и спречување на ширење на заразни болести преку храната, алиментарни интоксикации и штетни ризидои во храната од животинско потекло, како антибиотици и хормони, антипаразитици и сл. Ветеринарната струка исто треба да обезбеди услови за благосостојба на животните, заштита на животната средина од ветеринарен аспект и сл. За сите овие активности на ветеринарната струка во Република Македонија потребна е правна основа усклaдена со прописите на Европската унија преточена во неколку основни закони и бројни подзаконски акти кои ја третираат оваа материја и чие усвојување ќе биде важен импут и предуслов во приближувањето и пристапувањето на Република Македонија кон Европската унија. Важноста на изнесеното се огледа и во фактот што дури една четвртина од вкупната легислатива што нашата земја треба да ја хармонизира со прописите на земјите членки на Европската унија е токму од полето на ветеринарните прописи. Актуелниот закон за ветеринарно здравство кој од 1998 година повеќе не содејствува со реалноста и претставува пречка за натамошно усогласување и хармонизирање на нашето законодавство со тоа на Европската унија. Посебно во делот на на сигурност на храната, вршењето на внатрешниот и меѓународниот промет, исто така и во областа на здравствената заштита на животните. Ветеринарното здравство на Европската унија се темели на еден подруг поразличен пристап со кој одговорноста за сигурноста на храната и здравствената заштита на животните се одредува за субјектите кои работат со храната и држателите на животни со што се воспоставува ефикасен систем на контрола. Во сеуште актуелниот закон не постои законска рамка за следење на здравјето на животните на начин како што е регулирано со легислативата на Европската унија. Ова првенствено се однесува на дефинирање на здравствениот статус на стадото, епизатолошкото подрачје и целата земја во однос на одредени болести кај животните кои се од посебно значење. Не постои законска основа за долгорочни планови за искоренување на одредени заразни и паразитарни болести. Исто така, и листите на болести кои се пропишани со стариот закон повеќе не се во склад со листата дефинирана од меѓународната организација за здравје на животните. Со тоа не можеме да го ускладиме нашето законодавство и не сме во

можност да ги имплементираме европските стандарди. Со постојните законски решенија едноставно имаме скапи и неефикасни мерки на контрола на заразните и паразитарните болести, со што сточарството како стопанска гранка е доста неконкурентно. Значи, пред нас е еден доста обемен системски закон кој сега оди во прва фаза и неопходноста од неговото донесување не би требало да предизвика дилеми кај никого.

Предлог-законот за ветеринарното здравство базично го уредува ветеринарното здравство и дава основ на донесување на дополнителни закони кои уредуваат специфични области од ветеринарното здравство. Овој закон е резултат на работата на Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и експерти од Европската унија со единствена цел усогласување на нашите прописи со тие на Европската унија. Тој претставува правна рамка која заедно со реформата на ветеринарно здравствениот систем која произлегува од него ќе овозможи поефикасна работа и поефикасна контрола на болестите кај животните и ќе обезбеди адекватно ниво на безбедност на храната.

Главните концепти и одредби на Законот се следните: Организација, состав и задачи на Државната ветеринарна служба, идентификување на ветеринарните активности од јавен, или приватен интерес и начин на нивно извршување, организација и мисија на Ветеринарната комора на Македонија, организација и задачи на лабораториите кои работат за потребите на Управата за ветеринарство; воведување на институцијата овластен ветеринар и уредување на институцијата официјален ветеринар. Главни одредби за ставање во промет, увоз и извоз на живи животни и производи од животинско потекло и на крај финансирање на ветеринарната служба. Овде накратко би се задржал на некои суштински новини кои му даваат посебно значење на овој законски проект. Како што претходно напомнав во овој закон за прв пат се воведува институтот овластен ветеринар, што претставува една нова и квалитетна измена. Со тоа се дава нова тежина на позивот доктор по ветеринарна медицина. Со оваа измена ќе се зголеми бројот на ветеринарни инспектори, со што ќе се приближиме до стандардите кои се пропишани во европското законодавство. Ќе имаме доволен број на ветеринарни инспектори кои ќе обезбедат континуирана ветеринарна контрола на сите гранични премини, во сите производни и услужни објекти и погони, во сите објекти за продажба на големо и мало на храна од животинско потекло. Така веќе постоечката Државна ветеринарна инспекција и новите овластени инспектори ќе бидат гарант за безбедноста на храната од шталата до трпезата. Исто така, имаме измени во работата на Ветеринарната комора која за жал досега немаше никаква улога ниту влијание во работата и делувањето на ветеринарната служба. Сега за прв пат на Ветеринарната комора како професионално здружение за унапредување на статусните и научните интереси на докторите по ветеринарна медицина и се доделуваат јавни овластувања во поглед на регистрирање на докторите, издавање на лиценци за работа и вршење на стручен надзор во ветеринарните организации. Се воведува интегриран систем на контрола на граничните премини, контрола врз основ на проценка на ризикот при увоз на животни, производи и храна од животинско потекло. Се инсталира систем и цели на мрежите за ветеринарен надзор, се предвидува воведување на ветеринарен информациски систем со кој се складираат и анализираат податоците за здравствена заштита на животните и активностите од ветеринарно јавно здравство. Предлог законот за ветеринарното здравство во основа претставува добра база за развој на ветеринарната професија во иднина, јасно ги дефинира нејзините цели, статусот, положбата и одговорноста на сите сегменти на ветеринарната дејност и заедно со другите закони кои се надевам дека ќе бидат донесени во блиска иднина, а вкупно треба да бидат 6 што ќе претставува заокружување на еден цел сегмент на делување. Секако овој Предлог на закон не е без маани и од страна на стручната јавност веќе се детектирани поедини пропусти, или недоречености кои во следниот период помеѓу двете фази на донесувањето на овој закон се надевам дека ќе бидат корегирани без да биде доведено во прашање основниот концепт на законот, како и правната комплементарност со европската регулатива.

Од сите овие причини предлагам да го поддржиме овој Предлог за донесување закон за ветеринарно здравство.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Дозволете да го изнесам своето мислење по однос на овој Предлог на закон, иако за волја на вистината не сум стручна од областа на ветерина, меѓутоа стручњаците од Либералната партија го кажаа својот став околу решенијата кои ги нуди овој закон. Постојниот Закон за ветерина во голема мера е неусогласен со законодавството на Европа и тука лежи основната потреба ние да донесеме нов интегрален закон кој ќе биде усогласен со европското законодавство. Тоа е наша обврска, а секако и потреба на земјата. Значи, нема спор дека има потреба за донесување на ваков закон.

Законот во целост е добро подготвен и изработен со одредени слабости кои можеби низ дебатата, еве и од досегашната расправа се утврди дека може да биде и подобар и корегиран на одредени места, се со цел да добиеме едно постегнато и поцврсто законодавство, кое ќе ја регулира оваа многу значајна сфера во целокупното живеење.

Ова претставува еден системски закон од обласа на ветеринарната легислатива.Мислам дека треба да се донесат и други закони, кои треба да го пратат овој системски закон ии очекуваме наскоро тие лекспецијалист да бидат донесени во процедурата.

Би сакала да обрнам внимание на неколку членови и да даданм неколку свои забелешки со цел да се подобри текстот на законот, до колку нормално предлагачот цени дека се прифатливи, реални и потребни.

Би почнала, како што налагаат работите од членот 4, кој е и поимник на еден вид на законот, каде што се разработуваат сите поими кои ги користи овој закон. Меѓутоа, тука се направени одредени пропусти во поимникот, испуштени се одредени поими кои треба да ги има. На пример, поимот "штетник", кој веќе го има понатамо во текстот на законот, не е даден во поимникот и не е објаснето што значи поимот. Иако, тој поимник е доста опширен, мислам дека треба да се внесе и овој поим. Исто така, во текстот на законот се спомнуваат управни договори, кои за волја на вистината не знам кои се тие управни договори. Значи, во поимникот треба да видат до колку таквиот термин кој е користен, кој правно мислам дека не е добар или да се провери точниот термин за тие договори и да се појасни во поимникот, за точно да се знае за што станува збор.

Понатаму, се споменува, не е спомнат терминот дератизација, иако како таква е спомната понатаму во членот 93. Значи, потребно е и овој термин да се внесе. Бидејки, самата дератизација е еден процес, една активност која е од јавен интерес и која е потребна да биде и појаснета во поимникот.

Во членот 3, центар за контрола на болести е обработен во членот 43 како тело кое се активира во итни случаи, но дали состојбата со здравјето кај домашните животни не налага ова тело да биде перманентен орган во ссотав на Управата или пак Факултетот за ветеринарна медицина. Значи, треба да се цени и да се разгледа можноста овој центар да биде перманентен орган, а не да се активира само во итни случаи. Бидејки, може да биде интервенцијата задоцнета, предлагаме да функционира на таков начин.

Во членот 7 се предвидени активности на директорот на Управата за ветеринарство. Веднаш да кажам дека поимот активности е несоодветен на правниот систем. Вообичаено е да се користи терминот надлежности, затоа што директорот е извршен орган и секогаш правото употребува термин надлежности. Тоа е усогалсено со нашата правна терминологија. Активности е нов термин, кој мислам дека збунувачки ќе делува во текстот на законот.

Потоа, се поставува прашањрто дали со надлежностите кои се опишани во членот 7, кои му припаѓаат на директорот на Управата за ветеринарство, а кои се во една подолга листа и кои завлегуваат во дел на сферата на економско работење, меѓутоа голем дел во сферата на стручно работење од обалста на ветеринарството, до колку му даваме вакви надлежности, дали не треба да се пропишат и условите строго, законски прецизно под кои ќе се бира лицето, кое што ќе раководи со Управата за ветеринарство. Бидејќи, соодветно е на дадените надлежности да одговори лице со одредени квалификации, кои би требало точно, прецизно да бидат пропишани. Изборот на директорот на Ветеринарната управа не смее да се остави ниту на случајност, ниту на субјективна оценка, туку треба да се избира по строго определени критериуми и правила кои ќе бидат законски јасно и концизно пропишани, за да може избраниот кој ќе ја води Управата, соодветно на своите квалификации и подготвеност да одговори на оваа листа на надлежности, која што ние му ја даваме сега со овој закон. Затоа, претпочитам и предлагам да се пропишат условите и критериумите под кои ќе биде избиран директорот на Управата за ветеринарство.

Понатаму, во членот 9 се пропишува здружувањето во ветеринарни комори. Тука е предвидена, во ставот 2, императивна норма дека сите мора да бидат членови на Ветеринарната комора. Сега , се поставува прашањето зошто толку строга императивна норма. Зошто не би стоел терминот треба. Дали причината што Ветеринарната комора ќе ги издава лиценците и ќе биде таа која ќе ги одзема лиценците поради неправилно работење е основната причина за ваква императивна норма. Ако е така, тогаш можам и да разберам. Иако, се претпочита правило на послободен, полиберален пристап во односот дали некој ќе членува во Комора или не. Значи, добро да се размисли, да се разработи и да се разгледа императивноста на ваквата одредба дали е потребна со мора или да се остави малку полиберално решение.

Понтаму, во истиот овој член се пропишува вршење стручен надзор во ветеринарнит еамбуланти, клиники и болници. Сега, овде има едно изместување дали Комората треба да врши ваков стручен надзор. Дали можеби таквиот надзор треба да биде проширен и да биде создаден еден линг меѓу Управата, Комората и Факултетот, затоа што тие се тие стручни тела кои ќе раководат со целиот овој систем,. Мислам дека не треба да биде оставен барем овој дел, стручниот надзор, исклучиво само во рацете на Комората. Да бидат вклучени и Управата и Факултетот за ветерина.

Во членот 12 каде што се пропишуваат квалификации на официјален ветеринар во првиот став точка 3, континуирано да го надградува своето знаење согласно Програма на надлежниот орган. Ова е една многу широка и непрецизна одредба што ќе внесе многу субјективизам. Кога ќе знаеме ние дека ветеринарот го надградува своето знаење, кога ништо не му пропишуваме како обврска. Кога ќе утврдиме дека да, овој го надградил, а овој не го надградил своето знаење. Значи, одредбата е

многу широка, непрецизна и мислам дека ќе биде многу нефункционална или ќе доведе до различен пристап и одлучување дали некој го надградил или не го надградил своето знаење. Потребно е да внесеме, ценам, даречеме најмалку два едукативни програми годишно. Тогаш, веќе иамме некоја рамка за тоа го надградил или не го надградил своето знаење. Ваквата одредба мислам дека само ќе биде напишана, а ќе биде многу неприменлива. Кој е тој всушност кој што ќе цени дали некој го надградил или не на вака широка одредба.

Во членот 13, овластен ветеринар и негови квалификации, вели во став 2 точка 2, да поседува потребно експертско знаење од областа на здравствената заштит ана животни во зависнсот од потребите и јавното здравство кога неговите обврски тоа го условуваат.

Се поставува прашањето како ќе се докажува експертското знаење. Овде ние немаме одредба и немаме прецизирано како некој ќе го докажува своето експертско знаење. Ако тој во своето досие напише, да, јас сум експерт во оваа област, меѓутоа, како тоа ќе го докаже. Мора да се внесе, оваа одредба да се допрецизира и да се појасни како врз основа на научен труд, еден, два, три, пет, значи мора да е прецизирано на кој начин ќе го докажува своето експертско значење. Бидејќи, ние некако во државата премногу располагаме со експерти од сите области и многу лесно може да ни се протури човек кој воопшто нема да биде односно ние не ќе можеме да го оцениме и како дали располага со такво експертско знаење, ако не е предвидено негово тестирање, за што никаде не најдов такво нешто. Значи, треба да се прецизира како ќе се утврди таквото експертско знаење.

Понтаму, членот 14 и 15, има официјален ветеринарен помошник и кои се квалификациите. Мислам дека овој дел само е напишан во законот, иако ценам дека овие два члена можеби треба да се избришат, бидејкиова би требало во една прецизна систематизација да се стави. Ценам дека не е дел од законско решение. Во ред е да се спомне дека постојат тие помошници, меѓутоа, тие попрецизно би требало во некоја систематизација да се решат.

Понатаму, во членот 18 повторно би спомнала, тука е предвидено да е член на ветеринарната Комора, кај мене постои конфликт дали треба да биде задолжително со императивна норма членувањето, до колку се промени ставот околу императивноста на одредбата, би требало и овде да се корегира.

Во членот 21, средства за дератизација, се спомнуваат, а во поимникот ги нема. Понатаму, во членот 22, став 2, алинеја 17, еволуација на нови лекови. Дали треба да стои еволуација на нови лекови. Секундарната дејност се финансира по програми за здравствена заштита на животните и се однесува на национална популација на животни, заради заштита на животните и на луѓето. Затоа, секогаш треба да се спроведува со веќе регистрирани и евалуирани лекови, според европските фармаколошки стандарди. Мислам дека ова вака не треба да стои.

Понатаму, во членот 55 дали треба надлежниот орган да ги дефинира со кој ветеринарен сопственик или одговорно лице во одгледувалиштето да склучува договор или е доволно во тој регион да има регистрирано согласно овој закон, ветеринарна установа, која ќе ја врши дејноста. На тој начин се овозможува слобода на сопственикот или на одговорното лице, со која ветеринарна установа да склучи договор. А, овластениот ветеринар во тој регион, сега може да дојде и до конфликт на интереси. Значи постои можност од конфликт на интереси.

Членовите 62, 63, 64 и 65, каде што се зборува за надлежности,издавање на одобрение, издавање на одобрение за трговија и т.н. се доста опширни членови, каде што претпоставувам дека надлежен орган, се мисли на директорот на Ветеринарната управа и токму овие членови зборуваат колкава е моќта која со овој закон му ја даваме на директорот на ветеринарната Управа и тука веќе се потврдува тезата дека ние мора да најдеме модус како да ги определиме условите да ги пропишеме во законот иквлаификациите кои треба да ги поседува лицетео, за да може сите овие надлежности, сета оваа моќ да му ја дадеме. Значи, не смееме да оставиме никаква случајност при изборот на ова лице. Таму се пропишани дека во преодните и во завршните одредби ќе се донесат сите подзаконски акти во рок од една година. Јас се надевам дека за тој период и ќе бидат донесени сите тие управни акти, ќе се имплементира овој закон. Сите овие забелешки кои беа изнесени и кои јас ги изнесов, простете ако некаде згрешив на мојата нестручност, ќе бидат земени предвид и се со цел да изградиме еден постегнат и посолиден закон кој ќе биде применлив и овој систем ќе го одржува воодлична кондициона состојба.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарма и јас.

Три минути реплика пратеник господин Даневски Панче, повелете.

**Панче Даневски:** Почитуван потпретседателе,

Би се заблагодараил на колешката Лалчевска за конструктивната дискусија. Навистина, таа ги детектирала поголем дел од пропустите на овој закон. Јас во своето излаање не ги изнесов забелешките, што се надевам дека во писмена форма ќе ги доставиме до Управата за ветеринарство. Овде би се навратил на некои нејзини видувања. Околу член 3, навистина треба додатни дефиниции да се додадат. Испуштено е што е прва ветеринарна помош, што е ветеринарно јавно здравство. Значи останува уште неколку дефиниции, кои треба да се додадат во член 3.

Членот 7 кој беше дискутиран и од некои други пратеници, да напомнам дека навистина, за жал, на ветеринарната струка, претходните директори кои беа ветеринарни доктори нанесоа многу повеќе штета, отколку корист на ветеринарната

струка. Сега, велам дека имаме една парадоксална ситуација, човек кој не е ветеринар да има многу повеќе слух за потребите и решавањето на проблемите во ветеринарната струка. Затоа, велам можеби не е добро да се ограничуваме на звањето на стручноста на директорот на ветеринарна медицина, макар што секаде е доктор по ветеринарна медицина, но кај нас искуството зборува дека минатите години ког аимавме доктор по ветеринарна медицина за директор, имавме многу повеќе штета и неприлики со колегата.

Во членот 9 кој се однесува на македонската ветеринарна Комора, мора да биде член и таа одредба мора да остане од причина што ветеринарната Комора, како што кажа и колешката Лалчевска, ќе издава, ќе продолжува и ќе одзема лиценца. Тоа е по сличен терк и принцип на Лекарската комора на Македонија. Исто така, за да одземе лиценца мора да има и некоја форма на надзор. Покрај ветеринарната Комора, одредено е дека надзор на ветеринарните друштва врши и ветеринарната инспекција, а не Факултетот по ветеринарна медицина.

Во член 13, се согласувам дека точката 2 треба да се брише, бидејки во нашата терминологија не постои експертско звање. Точката 2 ставот 2 треба да се брише, потполно да се избрише.

Во членот 55 секако дека постои слобода во изборот на ветеринарната услуга на држателите на животни, меѓутоа држателот на животни мора да има договор со она ветеринарно друштво кое добило концесија, кое добилона тендерот за спроведување на надредените мерки од јавното здравство. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам на колегата Панче што оддаде признание на трудот, кој јас заедно со моите колеги од партијата кои се стручни во оваа област, семе детектирале одредени слабости, кои гледам дека и колегата ги прифаќа како забелешки и тоа е добро, бидејки претставникот се надевам ќе ги прифати.

Околу членот 7 би сакала нешто. Јас не кажав дали тој треба да е од ветеринарна струка или економска струка. Меѓутоа, ценам дека треба да има законски пропишани услови и квалификации за лицето што ќе ја води Ветеринарната управа. Тоа не значи дека нашето искусство што сме го имале до сега, позитивно или негативно, во ваква или таква струка не тера да говориме на ваков начин. Меѓутоа, законски прецизираните услови се предуслов за добар избор на раководител на Ветеринарната управа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господин пратеник Рамадани Агим, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

Ве поздравувам дами и господо.

Господине потпретседател, господине заменик министре и сите пратеници тука, денеска значајно што дискутираме во прва фаза за да донесеме еден закон усогласен со европските стандарди, а тоа значи современ закон.

Што се однесува до ветерината, мене, како работник во здравството ми е позната темата, затоа што ветерината и хуманата медицина се многу поврзани меѓу себе. Животот и преживувањето на човекот зависи од здравјето и ресурсите што ги имаме кај домашните животни, меѓутоа и кај дивите животни.

Што се однесува до оваа проблематика, се радувам што во законот е направена една систематизација и хармонизација на здравственото организирање на ветерината, односно здравјето на животните е ставено на примарно, секундарно и терцијално ниво. Ова е една голема предност, бидејќи се знае дека во руралните средини делуваат ветеринарни лекари во оние села и оние региони каде има развиено сточарство.

Исто така е значајно, затоа што во градовите се инсталираат и секундарни ветеринарни системи и сигурно, во регионалните центри треба а се организираат во форми на терцијална ветерина, каде што ќе се вршат лекарски активности на високо професионално ниво. Ова е за поздравување и ова се предвидува во законот.

Без огед на многуте придонеси што ги има овој закон, во иднина, во втората фаза, јас би предложил некои сугестии што би биле во насока на дополнително усовршување на овој закон во неколку аспекти.

Околу акспектот на вакцинирањето, каде што е многу значајно да се сочува здравјето на животните автоматски се сочувува и здравјето наллуѓето. Зошто? Затоа што со вакцинирањето против рабиес или пак лудило имаме голема предност што домашните животни ќе бидат сочувани од инфектирање со рабиес од дивите животни.

Кога сум тука, јасно ни е дека ова треба да биде во форма на превенција. Облигаторна превенција. Секое нешто што е облигаторно, донесува облигација или обврска на државата да вакцинирањето на домашните животи против рабиес или беснило се прави бесплатно, затоа што е ова опасност што ќе овозможи да не се аплицира законот за превентива против беснило или рабиес, затоа што населението не е подготвено да плаќа за вакцината, за нешто што досега се правело. Тоа значи за 200 или 300 денари, да се вакцинира на пример едно куче или едно маче или другите домашни животни.

Превенцијата треба исто така да се концентрира кај ехинококусот, затоа што многу животни што се колат во селата, се колат на диво. Никој не ги контролира. Тоа месо не се проверува. На илегален начин се внесува во пазарите, што претставува перманентен ризик или опасност за населението што го консумира тоа месо.

Што ми е зборот? Зборот ми е дека ветеринарните служби при систематските прегледи на животните треба да земаат крв и да ги детектираат антителата на ехинококусот, што се присутни во структурата на леукоцитите. Ова е професионален медицински предлог, што треба да се акцептира од страна на ветеринарните служби, затоа што со превенцијата, со земање на крв од животните ќе се детектираат на време животните што во себе содржат ехинококус, што потоа се пренесува по разни патишта до човекот и предизвикува големи оштетувања на градите, на црниот дроб, мозокот и другите органи во човечкиот оргаизам. Значи, дека превентивно треба а се направи верификација и анализа на антителата за ехинококусот.

Друг аспект што ме загрижува и е присутен, посебно во големите центри во Македонија, како што се Скопје, Битола, Тетово, каде што се отворени ексклузивни ресторани, каде што се консумира или сервира месо од дивеч, елен, зајак и други, законски и со подзаконски акти треб да се стави ред. Треба да се воведе ред, треба да се оформи еден центар од каде што овие ресторани би се снабдувале со месо и со овој вид на храна, затоа што оваа храна е храна што ретко се јаде од страна на луѓето. Тоа е скапа храна. Но, сепак, тој кој ќе ја јаде, автоматски, без ветеринарна контрола и без примена на законските правила, самиот ќе се стави во ситуација да се инфицира со опасен вирус, како што е вирусот на рабиес или ехинококусот или други. Ние немаме реални можности дивите животни да ги превенираме, да ги сочуваме, да ги вакцинираме, затоа што се диви животни. Но, во моментот кога нивното месо ќе се внесе во рестораните, тој станува потенцијална опасност за здравјето на луѓето.

Мене ме загрижува ова и сега, ме загрижувало во минатото, а ќе ме загрижува и во иднина, така што треба да се направи една законска регулатива што би се проследила со санитарно истражување. Инспекторатот да се зајакне во оваа насока. Тоа значи да има еден ред, оние ресторани кои служат такво месо од дивеч, да имаат лиценца или дозвола, со што претходно ова месо било проверено и контролирано од иснпекторите по ветерина.

Една друга загрижувачка појава што како лекар ме загрижува е тоа што пазарот за храна има разни видови на храна што имаат енормен состав, енермна количина на хормони, како што е пилешкото месо, јагнешкото месо и други видови меса на крупна стока, што, поради финансиски, комерцијални цели, од оние кои се продавани на разни начини ги хранат со хормони, а тие се опасни по здравјето на човекот. Тоа се хормони за раст, со кои, за чудо, едно пиле ќе порасне толку брзо, за пет или шест месеци и ќе стаса за продавање. Но, истовремено е опасно за здравјето на човекот.

Ние, во здравството, сме виделе и гледаме, имаа загрижувачка појава кај малите деца, кога, поради голема концентрација на хормони што се внесуваат преку храна од животни или од пилешкото месо, се прави деформација на телата на децата со предвремен пораст или зголемување на гениталните органи и другите органи на телото, декструктивност на телото на човекот или на децата, што е предизвикано од големо присуство на хормони добиени преку исхрана.

Ова е обврска или задача на државата, на власта, да воведе ред во снабдувањето со оваа храна. Последиците од оваа храна да се разгледуваат и да се расправаат на заеднички конференции за здравство во иднина.

Што се однесува до проблемот на бројот на животните во Република Македонија, би предложил да имаме централен регистар, со утврдена дата - база за определени региони за тоа колку животни, колку луѓе или колку семејства чуваат домашни животни, миленичиња или имаат развиено сточарство. Ова го велам затоа што секој орган во иднина треба да знае точен број на животни во државата, а за тоа треба да се има централно организирање и да се знае дека тоа и тоа место, во тоа и тоа село има толку овци, сопственик на овците е овој или оној, а не да дозволиме на локалниот ветеринар, како што го имаме во последниов случај со судскиот процес кога еден локален ветеринар издава потврда дека тоа и тоа лице има толку и толку овци. Со прецизно потврдување ќе имаме развивање на дата базата и од таму, сите органи што се заинтересирани за судски процеси и разни методи на кредитирање на населението за развој на сточарството да го имаат тоа како податок во централниот компутер.

Ова беше тоа што сакав да го кажам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Дамески Панче се јави за реплика, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе,

Во неколку области би му реплицирал на колегата Рамадани.

Тој спомна неколку болести, за што кажа дека државата треба да води сметка, да има интерес. Државата тоа го прави. Меѓутоа, листата на болести што подлежат под ветеринарно јавно здравство се определува со годишна наредба потпишана од министерот. Врз основа на анализи, кои болести, колку се опасни, каде се појавени, во кој процент ги имаме, се определува и уредува со годишна наредба, што ја потпишува министерот. Тука е определено за кои болести плаќа државата, за кои болести плаќа сопственикот, а за кои трошокот се дели на половина.

Исто велам, забелешките за рестораните, забелешките се на место. Меѓутоа, поради малииот број на ветеринарни инспектори мал број на ветеринарна инспекција не можеше да се опфатат сите места каде беа ставени во промет производи од животинско потекло.Затоа велам дека е добро што со овој закон се воведува нова институција, овластен ветеринар, со што бројот на ветеринарните испектори ќе се зголеми. Сите

објекти што ставаат во промет производи од животинско потекло, ќе подлежат на контрола.

Околу резидуите во храната, го напомнав и тоа дека со овој закон треба да се обезбеди сигурност на храната од шталата до трпезата, согласно, а тука ќе бидат потребни национални референтни лаборатории, со што, велам, со поголема ветеринарна инспекција ќе се оневозможи внесување на вакви штетни резидуи, како хормони, антибиотици, антипаразетици во храната што ја конзумираме сите.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Дамески.

Има збор пратеник Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за ветеринарство, почитувани колеги,

Би сакала да дадам еден краток придонес кон оваа плодна дискусија денеска, што се одвива.

Како член на Комисијата за европски прашања учествував на јавната дебата една недела на 15 март, кога се одржа оваа јавна дебата во присуство на претставници од министерствата, од управите на Министерството, потоа Министерството за здравство, Министерството за животна средина, фармерите, потрошувачите, граѓанскиот сектор итн. Мислам дека беше исклучително важно овој закон, во прва фаза, да допре до сите овие чинители во нашата Република каде што сметам дека ќе дадат и свој придонес, како што и денеска дадоа овде почитуваните колеги, свој личен придонес.

Нацртот на закон е во потполна согласност со европското законодавство и европската Агенција за реконтрукција. Го поддржа овој процес на хармонизација на нашиот со европските закони во оваа област. Воглавном, преку интервенција од КАРДС програмата и во рамките на оваа програма. Потоа, со овој закон се зајакне капацитетот на компетентните национални органи, што мислам дека е исклучително важно во оваа област. Потоа, многу важно за Република Македонија е дека таа е последната држава во регионот во однос на донесување на регулативата во оваа област.

Посебно, што ние исклучително големи напори вложивме како држава да ги хармонизираме нашите законски одредби со законските одредби на европската легислатива.

Овој закон е исклучително важен затоа што при инкорпорирањето на европската легислатива се инкорпорирани безброј директиви, правилници и одлуки, што мислам дека, доколку ние навреме ги донесеме сите правилници, што следат после овој закон и после другите шест закони, а со овој закон ќе се донесат 21 правилник, додека со останатите и после овој закон ќе се донесат околу 86 правилници, што кажува дека се работи за исклучително темелен и важен процес. Убедени сме дека Министерството ќе ги преземе сите мерки на време да ги усогласиме сите правилници.

Можам да кажам дека овој закон е основен, рамковен закон и значи структурна реформа во областа на ветеринарното здравство. Со донесување на овој закон, практично донесуваме една основа за донесување на шест други специфични закони, особено важни, што потенцираше и колегата Дамески и господинот Рамадани, како од областа на исхраната на домашните животни, искоренување на одредени заразни болести, паразити, бруцелоза итн., нус производите итн.

Особено е важно што со овие правилници и законски акти, ќе се подобри и начинот на третирање на домашните животни, благосостојбата итн.

Уште може да се спомне дека сосема мали измени се направени во однос на првиот текст. Тоа е во однос на прометот на животни и производи од животинско потекло.

Последна реченица на која што сакам да се надоврзам на претходните дискутанти, да не се повторуваме во некои делови, тоа е од особено голема важност, воведување на овластените ветеринарни инспектори, бидејќи со воведување на оваа нова категорија, поефикасно ќе одговориме на барањето во исполнувањето на европските стандарди. Еднаш кога веќе ќе влеземе во Европа, навистина, сите овие нормативни делови ќе треба да бидат усогласени. Исто така и фармерите, оние кои се занимаваат со промет и производство на животни и нивна трговија, ќе бидат целосно запознати со какви проблеми ќе наидуваат, еднаш, кога ќе бидеме членка на Европска заедница. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Авировиќ.

Има збор госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Слушајќи ја дискусијата до сега, навистина сум во дилема кој е претставник на Владата, затоа што во досегашниот тек на дискусиите не слушнав заменик-министерот да коментира на одредени предлози од страна на пратениците. Наместо него, тоа го правеше господинот Дамески. Претпоставувам дека господинот Дамески му прави услуга на заменик министерот кој доаѓа од странство и уште не е упатен во тоа како функционира нашиот систем, па му треба одредено време да се прилагоди, да се ухода и во начинот на функционирањето на системот, во релациите Парламент-Влада и вкупно, во запознавање на општествениот систем во Република Македонија. За што, како против услуга, парламентарното мнозинство му даде можност да му го отплаќаме и да му го одржуваме имотот во странство, за да може да се најде во таква улога.

Сакам да дадам само неколку коментари.

Се работи за исклучително важен закон, основен закон во областа на ветеринарното здравство.

Обврзани сме како држава да го донесеме, заради тоа што беше истакнато и од петходните пратеници, 25% од АКИ-то што како обврска го имаме преземено да го имплементираме, како европско законодавство, се однесува на областа на ветеринарната материја.

Сакам да укажам дека, не можам да се согласам директорот на Ветеринарната управа да биде лице кое нема ветеринарно образование. Да не е доктор по ветерина или слично, заради тоа што сметам дека ингеренциите што се даваат на директорот се такви да е неопходно да бараат соодветна струка од страна на директорот.

Ако имате директор економист, тој не може да навлезе, не може да ја знае материјата во детали, не може да одговори на сите овие ингеренции што се пропишани во членот 7 од Законот.

Треба да има сенс кои планови и мерки треба да ги подготви и што треба да бара од вработените. Треба добро да ја познава материјата, да може да насети дали некој од засегнатите по одредени прашања сака да направи некаква злоупотреба, меѓутоа, за да може да го насети тоа, треба да има соодветно образование во таа смисла. Затоа сметам дека паушални се оценките дека претходните директори на ветеринарна управа нанеле повеќе штета и неприлики. Го сметам тоа за личен став на одредени пратеници, меѓутоа, никако како генерална забелешка.

Сакам да го прашам заменикот министер, со оглед на тоа што беше кажано дека тој закон бил готов, уште во јануари минатата година, дека последната работна верзија била готова од јануари минатата година и дека се направени сосема мали измени кои што не го менуваат суштински законот и кои што само овозможиле допрецизирање на одредени одредби. Зошто чекаше Министерството до сега да го предложи овој закон, кога наследи Министерството готов закон од претходниот мандат, кој што имал добиено позитивно мислење од Европската комисија, зошто чекаше до сега и зошто не го предложи и зошто непотребно губевме време. Практично се доведовме во ситуација да кажеме дека во овој дел од обврските кои што Република Македонија ги има за усогласување со Европското законодавство, не сме го направиле непотребно. Уште повеќе кога и останатите 5 закони, кои што произлегуваат од овој системски закон, кои што се предложени во јуни минатата година за кој што Европската комисија според моите информации има позитивно мислење, исто така не се доставени.

Сакам конкретен одговор на ова прашање и сакам да апелирам, Владата посериозно да ја сфати обврската која што ја има за усогласување со Европското законодавство, да ги изготвува побрзо и да ги доставува до Собранието законите кои што ние како пратеници имаме обврска да ги дискутираме и да ги усогласиме со Европското законодавство. Затоа што во ваков случај кога имаме готов закон, а Министерството повеќе од половина година не го предложило на усвојување во Собранието, јас се прашувам што ќе се случува со оние закони од страна на Владата што допрва Владата треба да ги изготви и треба да ги достави до Собранието.

Значи, апелирам на поголема ажурност од страна на Владата. Деноноќното работење да го заменат со ефикасно работење и да ни предлагаат и да ни доставуваат Предлог закон во Собранието на Република Македонија по кои што Собранието ќе треба да се произнесе, а не Собранието да биде карактеризирано како еден од кочничарите за донесување на законите во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има заменик министерот за земјоделство.

**Перо Димшоски:** Јас дојдов овде да имаме понасочена дискусија по однос на законот, меѓутоа, не прифаќам дискусија која ги исклучува лицата што живееле во странство да работат во Влада, да ги исклучува лицата што не се ветеринарни лекари, да работат во Ветеринарната управа. Ако продолжиме така ќе останеме со многу малку луѓе во земјата кои можат да бидат вклучени во јавниот сектор.

По однос на прашањето зошто Министерството не го донело овој закон ако бил изработен во јануари, навистина јас го имам тоа прашање, зошто, ако минатата година во јануари овој закон бил изработен, зошто не бил донесен на Парламентот тогаш.

Мислам дека во август - септември беше изработена последаната верзија на законот, понатаму се чекаше мислење од Европската комисија, која исто одзеде месец и пол до два, бидејќи одеа на тие европски регулативи пред да дојде. Тоа е динамиката со која работиме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димшоски.

Контра реплика од една минута има пратеник Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Јас немам против македонци од странство да дојдат и да работат во Македонија, меѓутоа, имам против државата Македонија, парламентарното мнозинство и Владата да има политика со која што ќе им плаќа за одржување на нивните имоти во странство. И за тоа ќе се противам до крајот на мандатот, се додека сум пратеник.

Инаку, овој закон, точно не беше поминат во претходниот парламентарен состав, затоа што вие знате бевме во предизборен период и бевме насочни кон уставните измени и донесување на изборниот законик со консензус, заедно со тогашната опозиција, за да овозможиме организирање на фер и демократски избори. Меѓутоа, тоа не личи на Министерството на закон кој што имаше веќе добиено позитивно мислење од Европската комисија, веднаш да го предложи штом дојде на Влада.

**Бесим Догани:** За збор се јави заменик министерот за земјоделие.

**Перо Димшоски:** За тие луѓе што дојдоа од странство да работат за Влада, по однос на

одржувањето на нивните имоти, за тоа сигурно ќе има повеќе дискусија, гледам, заинтересирани сте за тоа. И претходната Влада имаше луѓе од странство и странци што работеа за неа, а не знаеме колку беа платени. Точно нашата намера беше ова да биде еден транспарентен процес и точно беше објаснето зошто тоа се прави. А за тоа, колку ги плаќаше странците претходната влада, мислам можеме да провериме. Ако има потреба ќе ја известиме јавноста за тоа.

**Бесим Догани:** Благодарам господин министер.

Грковска Славица има реплика од три минути, повелете.

**Славица Грковска:** Господин заменик министре, ние не зборувам за плата, зборуваме за дополнителни трошоци, кои што Владата на Република Македонија се обврза да ви ги плаќа вас, за да ги одржувате вашите имоти во странство, што е сосема различно и тоа никогаш до сега во историјата на Република Македонија не се случило. Да дојде некој да работи, да има некоја функција во Република Македонија, ама за сметка на тоа, Владата да му плаќа да ги одржува неговите имоти во странство. Тоа го нема никаде.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика има пратеник Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе, после една конструктивна расправа по однос на овој закон, во свој стил, госпоѓица Грковска бара политика таму каде што ја нема, наместо да даде некоја конструктивна забелешка за подобрување на текстот, таа оди со барање на ефтини политички поени.

Овој закон, вашиот директор го најави уште 2004 година. Значи, овој закон требаше во текот на 2004 година да го донесете. Вам не ви смета што повеќе од две и пол години не беше донесен овој закон, а сега ви смета што новиот директор во рок од три месеци го даде овој закон во владина процедура и овој закон го имаме за 6 месеци во Парламентот. Времето значи го изгуби вашиот директор на Ветеринарна управа кој вие го поставивте, меѓутоа, за среќа на Македонија ние ќе го надокнадиме времето кое го изгубивте вие.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Дамески.

Контра реплика Грковска Слација од една минута, повелете.

**Славица Грковска:** Сега ќе прочитам дел од извештајот на Комисијата за земјоделство, во која што повереникот вели дека нов закон, ветеринарно здравствен закон почна во 2004 година во рамките на КАРДЦ - Програмата, значи тоа го обезбедил претходниот директор, кој што вие го критикувате. За која цел била формирана посебна работна група и вклучени меѓународни експерти од ветеринарното здравство.

После извршената анализа на Ветеринарното европско законодавство, се пристапило кон изготвување на основен Рамковен закон, кој ќе претставува основа за донесување на 5 специфични закони од следните области: Ветеринарно јавно здравство, благостостојба на животните, исхрана на домашни животни, итн. Во периодот од 2004 - 2005 се пристапило кон реализација на долгорочен план за структурни и правни реформи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство итн, со вклучена ветеринарна компонента. Значи, не е изгубено времето. Вие го изгубивте времето, затоа што на подготвени закони со позитивно мислење од Европска комисија, до сега не ги поднесовте до Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Има збор господин Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Моја деловничка замолница до сите е, сите се убедени дека треба да се донесе овој закон. Ајде сега да ја усвоиме првата фаза и да го усвоиме побрзо законот, а конференции за новинарите можеме да правиме, кој е поефикасен, по лош, по добар, итн, но ние во Парламентот да завршиме и да се концентрираме на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Андов. Тоа е општа забелешка во текот на говорите за закони да се придржуваме кон текстот на законот. Како и да е, ви благодарам за забелешката.

Има збор госпоѓа Селмани Елмази, повелете.

**Селмани Елмази:** Ви благодарам почитуван потпретседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници и госпоѓи пратеници.

Не сакам да должам многу заради времето, меѓутоа, мислам дека донесувањето на овој закон беше неопходно, не само заради тоа што Спогодбата за стабилизација и асоцијација ја обврзува Република Македонија на усогласување на нашето законодавство со тоа на земјите членки на Европската унија, туку и поради тоа што постоечкиот закон беше не целосен и тој задолжително требаше да се дополни, односно да се измени и дополни со еден нов закон, кој што го уредува ветеринарното здравство и со ова ќе се обезбеди не само заштита на животните, туку и заштита на човечкото здравје. Со ова ќе се постигне обезбедување на здравствената состојба на животните, заштита на луѓето од заразните преносни болести од животните, обезбедување на експерти, законитост, јавност и транспарентност во развојот и одвивањето на активности на ветеринарното здравство, подобрување на службата на контролата и посебно на извозот и увозот, затоа што и тоа што е најзначајно за Република Македонија, поради нејзината географска положба, како врска помеѓу Исток и Запад и земја на транзит. Исто така, со овој закон ќе се постигне и идентификација и регистрација на животните во следењето и движењето на животните и на нивните продукти. Исто така, и обезбедување на подеднаков, рамноправен третман, воведување на информативен систем, обезбедување и заштита на животната средина.

Затоа, ќе ги замолам сите пратеници да го подржат донесувањето на овој Нацрт-закон во првата фаза, а за забелешки има се уште место и време. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавен за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за ветеринарно здравство.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за ветеринарно здравство, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пред да го ставам на гласање предложениот заклучок, би ги замолил пратениците да влезат во салата.

Би ги замолил пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 62 пратеника, сите 62 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за рибарство и аквакултура**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Перо Димшоски:** Господине потпретседателе, почитувни пратеници, ова е уште еден од законите кои се во серијата со која сме обврзани како земја да се усогласиме со Европската регулатива на закони.

Како што знаете, една од главните работи кои треба да ги направиме како држава, пред да пристапиме во Европска унија е да ги извршиме сите тие потребни реформи во земјоделството. Сето тоа поради заедничката земјоделска политика која ја диктира Европската унија.

**Бесим Догани:** Ве молам да обезбедиме малку тишина и мир за да може заменикот да се изјасни.

Повлете господине Димшоски.

**Перо Димшоски:** Главните причини поради кои се предлага овој закон се пред се, јас би рекол не само тоа што треба да се усогласиме со Европската регулатива, тоа е една од причинте, меѓутоа, главна причина е тоа што оваа материја рибарството и аквакултурата не е воопшто регулирана, или адекватно покриена со сегашниот закон.

Понатаму, овој закон не само што се усогласува со директивите на Европската унија, туку се усогласува со важечките закони и законите што допрва ќе се носат и се изработуваат моментално во Република Македонија во однос на Законот за заштита на животна средина и на Законот за води и другите законски акти.

Една од гравните карактеристики, која е новина во овој закон е тоа што законот ја обработува проблематиката на одгледувањето на рибите, т.е. аквакултурата. При тоа, доста попрецизно се изработени одредбите кои го регулираат надзорот и контролата и прекршочните одредби во оваа област.

Целта на законот беше да се овозможи трајно користење на рибите преку одржлив стопански рекреативен развој. Со ова, би сакал да завршам. Ви благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димшоски.

Има збор пратеник Никола Илкоски, повелете.

**Никола Илкоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Донесувањето на законот за рибарство и аквакултура што денес го третираме на оваа седница, го подржувам, бидејќи според содржината може да се констатира дека со него се сака воспоставување на ред, планирање, програмирање и управување со рибите и риболовните води, концесионирањето, стопанскиот риболов, аквакултурата итн.

Постоечкиот закон и врз основа на него подзаконските акти се донесени пред нешто повеќе од 14 години, што неминовно налаги и бара носење на еден ваков нов закон, кој сега се усогласува со други постоечки закони, непосредно врзани со него, како што е Законот за животната средина и Законот за водите од една страна и во извесна мера со законската регулатива на Европската унија.

Велам во извесна мера бидејќи таа регулатива во најголем број го третира рибарството во морињата и океаните што не соодветствува со нашите водени подрачја предвидени со риболов, меѓутоа сигурно дека и од оваа регулатива ќе се најде нешто што ќе има примена и во овој закон.

Кога говорам за значењето на донесувањето на еден ваков закон и за неговата содржина сакам да напоменам дека во изработката е вклучена и свој допринос има дадено и специјализираната јавна научна установа Хидрометеролошки завод од Охрид, единствена од ваков тип во Република Македонија која постои повеќе од 60 години наназад и чија специјалност е најнепосредно врзана за изучувањето на водите и животинскиот

и растителниот свет во нив, посебно во Охридското Езеро. Според мене укажува дека кон изработувањето на овој закон се има дадено сериозен научен и прагматичен пристап. Добро е што предлагачот прифатил голем број од нивните предлози и сугестии во фазата на изработката на овој Предлог на закон.

Сега би сакал почитувани колеги да се осврнам на некои мои согледувања и сугестии кон овој Предлог на закон, со цел да дадам скромен придонес кон квалитетот на градењето на конечниот текст.

Најпрво добро е шт овој закон ќе оди во фази така да денес јас само општо ќе говорам за она што сметам дека треба да го кажам со што ќе се овозможи поквалитетно негово согледување, поширока расправа и можност работните собраниски тела и самото Собрание да донесат солиден и добар закон.

Што се однесува до рибарството и одгледувањето на риби кај нас сметам дека како дејност односно дејности се препуштени сами на себе иако како ресурс претставуваат можност за задоволување на повеќе потреби, најпрво како производство што подразбира улов и одгледување на риби како здрава храна и еколошки чиста храна која во светот како таква се користи во големи количини.

Второ, се работи за истата за задоволување на домашни потреби, а зошто не и за извоз што ќе овозможи отворање на нови работни места привлекување и на странски инвестиции.

Кај нас сите услови за развој на овие дејности се евидентни и постојат бидејќи имаме чисти и здрави води и водени пространства за ловење, поридување и одгледување на риба. Затоа предлагам и сугерирам предлагачот во текстот на овој закон да предвиди посебни одредби кои ќе се однесуваат на унапредувањето, стимулирањето и развојот на овие дејности, а посебно на аква културата.

На оние кои со лични средства подигнале одгледувалиште на риби и оние кои што сакаат да се занимаваат со таква дејност да им се овозможат макдимални услови за тоа преку разни форми на повластено финансирање, помагање, едуцирање и тн. со цел да се произведат поголеми количини на риба која нашиот граѓанин ќе може да ја има достапна на својата трпеза и по цена прифатлива како свежа, или преработена, а не само кога имаме слави или други празници посебно тогаш кога треба да се јаде рибата.

Кога говорам за рибарењето риболовот, порибувањето, вештачкиот начин на оплодување и сл. пред се мислам на сите видови риби во сите езера на Македонија, но овде би се осврнал и би дал поголем акцент на охридската пастрмка и белвицата, риби кои што живеат во Охридското Езеро, кои се емденски видови на риби по кои не прпознаваат, посебно по пастрмката Охрид, Охридското Езеро, а со тоа и  Македонија, но за жал овие видови се пред истребување. Зошто и од кои причини се во ваква состојба односно пред истребување.

Најпрво се работи за висококвалитетни видови на риба која што носи со себе и свој економски еквивалент односно исплатливи да се ловат односно да се риболоват односно да се криволоват. Од една страна, а од друга страна недоволниот интерес и заложба на државата кон нивната заштита од прекумерното ловење, рибокрадење и малиот допринос на државата во вештачкото оплодување и одгледување на подмладок односно порибување.

Посебно што сакам да нагласам е дека кон овој вид на риба се врши геноцид. Овој геноцид и му давам таков епитет се однесува навистина за жал ловењето на пастрмката во периодот на мрестењето. Кога оваа риба водена од природниот нагон за оплодување и беспомошна и немоќна да се брани самата за себе и за својот опстанок, бидејќи таа мрестот го врши на самата обала што е најпристапно за рибокрадците да можат да ја ловат во големи количини.

Заради тоа предлагам со овој закон да се предвидат посебни одредби кои ќе бидат во функција на заштита на овој вид на риба, а во казнените одредби предлагам за секое криво ловење и потенцирам во периодот на мрестењето да се предвиди и казна затвор. Ваква казна постоеше во претходниот Закон и мислам дека барем во периодот на мрестењето рибокрадците имаа во предвид дека им следи ваква мерка, меѓутоа сега само со глобата мислам дека таа мерка не е доволна и затоа предлагам да се предвиди и мерката казна затвор. Не знам колку ќе се инкорпорира во европскиот дел на законодавството меѓутоа моето размислување е такво.

Кога говорам за заштитата на пастрмката и на белвицата мора да посочам дека кон безпоштедното истребување на овие видови риби многу придонесува нерегулираното и слободно ловење без било какви ограничувања и забрана, дури и за време и на мрестот во водите кои од Охридското Езеро припаѓаат на Република Албанија.

При една ваква состојба бесполезно е ние од македонска страна да воведуваме разни мерки на контола, забрани за ловење, порибување и тн. кога од другата страна од Езерото не се спроведуваат било какви мерки за заштита. Затоа сугерирам ако сакаме заштита ваквото прашање и проблем посериозно да се подигне на меѓудржавно ниво. Ова го сугерирам бидејќи предлагач е Владата така да ова прашање и може да се подигне и на меѓудржавно ниво со поголем интензите,. а дел од проблемот и да биде преточен во одредбите на овој закон, што мислам дека нема да биде и на одмет.

Во законот добро е што се говори и за порибувањето на езерата. Еден од начините за прираст на рибниот фонд во езерата покрај природниот е и порибувањето што го вршат специјални установи кои за жал во Република Македонија се малку , една или две со скромни средства за ваквата намена.

Ако сакаме да имаме напредок во оваа сфера државата мора да обрне поголемо внимание, грижа и да одвојува поголеми средства за порибувањето. Овде ќе се осврнам уште еднаш на јавната научна установа Хидролошки завод од Охрид како единствена во Република Македонија, формирана за проучување на животинскиот и растителниот свет во езерата, а специјално во Охридското Езеро и вештачкото оплодување што го врши посебно на охридската пастрмка.

Оваа научна установа кадровски е екипирана, само за илустрација ќе споменам дека со своето над 60-годишно постоење во неа работат 13 доктори на науки, 5 магистри кои се пред докторирање и тн., опремена е онака како што е опремена меѓутоа е со огромно искуство од оваа сфера која од своето долгогодишно постоење перманентно врши порибување на Охридското Езеро со пастрмка, но за жал без поголема поддршка од страна на државата што резултира со многу скромни успеси, а може многу повеќе.

Вчера имавте можност да прочитате и во печатените медиуми дека оваа година за време на мрестот оваа установа скоро за четири пати помалку можеше или и се овозможи да обезбеди и крап т.е. јајца за вештачко оплодување на пастрмката.

Затоа предлагам и сугерирам предлагачот да најде место во текстот на овој закон што ќе говори за оваа установа од аспект на нејзина поддршка и можност за вложување на материјални и финансиски средства строго наменски и плански токму за порибувањето со охридската пастрмка.

Добро е што во овој закон имаме и за развојот на спортскиот и рекреативниот риболов меѓутоа и едниот и другиот ќе бидат сами ставени на хартија доколку немаме развој на порибувањето на рибниот фонд во езерата.

На крај би се осврнал само на предвиденото концесионирање.

За жал и во оваа сфера државата немоќна беше во овој период наназад да стави ред во ловењето односно криволовењето во водите и неминовно се поставува прашањето за концесионирање и вложување на средства на концесионерите за што се согласувам, иако во охридската јавност има различни размислувања во делот на концесионирањето на Охридското Езеро бидејќи Охридското Езеро најверојатно преку овој закон за прв пат ќе се даде на концесионирање. Ние како Охриѓани малку и како љубоморни сме на оваа работа, меѓутоа реалноста е таа и мораме да прифатиме дека концесионирањето најверојатно ќе биде и единствениот и правиот излез за заштита, развојот и унапредувањето на рибниот фонд во Охридското Езеро.

Меѓутоа, барам и предлагам, тоа најверојатно ќе го имаме во текот на расправата во другата фаза за да се овозможи од страна на предлагачот во текстот да се постават многу строги и високи критериуми на исполнување на условите за концесионерите кои што ќе бидат зинтересирани за концесионирање воопшто за сите риболовни води, а посебно за концесионирањето на Охридското Езеро.

Овде само би додал дека во периодот што е предвиден според Законот за концесионирање, мислам дека периодот од 6 години е мал. Ова од причина што единствено кога говориме за Охридското езеро веднаш мислиме на Охридската пастрмка. Охридската пастрмка од своето изнедрување до возраст до еден килограм некаде и треба период од 5 години кога концесионерот би почнал со концесионирањето и во она што значи планско работење на порибувањето. Отпочна во исто време и со порибување него ќе му требаат најмалку 5 години да почека да пораснат тие пастрмки и евентуално после да ги експлоатира, а веќе доаѓа шестата година, така да мислам заинтересираноста преку овој дел на ограничување од 6 години можњ да дојде во прашање.

Предлагам барем некаде околу 10 години, што се однесува за Охридското Езеро. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓата Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван претставник на Владата.

Со внимание го разгледав законот бидејќи јас сум Охриѓанка и секако Охрид е еден од најголемите капацитети во овој сегмент, а од друга страна јас не сум доволно стручна за оваа област и побарав од експертите од Либералната партија кои се стручни за овој дел да ни помогнат се со цел да дадеме еден допринос во донесувањето на овој закон.

До сега кај нас сеуште е важечки Законот за рибарство донесен 1993 година и воопшто не е компатабилен со европското законодавство и нас нормално ни се наметнува потребата да донесеме нов закон за рибарство и сега се внесува за прв пат кај нас во законска регулатива една значајна новина, тоа е аква културата. Значи се регулира овој сегмент кој што за волја на вистината аква културата во Македонија зема замав, значи дека е растечка и е значајна гранка во стопанството кај нас бидејќи голем број на семејства определувајќи се за одгледување на риби во риници и тн. си обезбедуваат своја егзистенција. Значи, и од тој аспект е потребно регулирање на овој сегмент.

Потребата за донесување, иако Македонија е земја која не излегува на море, значи многу голем дел од таа европска регулатива е неприменлива во нашиот закон, меѓутоа овој дел за рибарство и аква култура секако ќе најде своја соодветна примена и е потребно нивно донесување.

Јас веднаш би преминала на предлозите кои ги имаме за подобрување на текстот на законот и нив би ги поделила во две групи.

Тоа е дополнување на одредени членови кои се дадени во Предлогот, кои морам да кажам дека е доста концизен, јасен и би рекла фигуративно стегнат закон, значи добро изработен. Се водело

сметка за сите одредби и тука би дала забелешка само на две одредби, а во другиот дел би изнела некои наши видувања по однос на одредби кои би требало дополнително да се внесат за да овој закон биде подобрен.

Сега би се осврнала на дополнување на член 2, тоа е поимникот кој е во законот. Доста е опширен, дадени се скоро сите поими кои ги користи законот, меѓутоа потребно е да се дополни, овој закон се однесува на рибите, а рибите не се дефинирани и како природен ресурс во Република Македонија кој со себе би требало да се дефинира да исклучуваат мекотели, ракови и други слични организми што живеат во рибните подрачја.

Тие се подложни излог, заштита и друго, согласно овој закон. Значи, потребно е да се внесат како поим.

Исто така потребно е да се внесе поимот рибно подрачје, кое е склоп на природни и вештачки води или нивен дел, а претставува хидролошка, биолошка и економска целина за користење на рибниот фонд.

Исто така не е внесено рибарството како поим во поимникот, потребно е да се прецизира. Мојот предлог претставува збир на активности при риболов на риби со примена на риболовни технологии, но и активности под кои се подразбира заштита и производство на истите во аквакултура.

Последен поим кој го предлагаме да се внесе е поморот на риби, значи да се дефинира што е помор на риби, што се смета за помор на риби, бидејќи често пати во медиумите излегува дека има помор на риби во овој дел, во оној дел, потребно е да се дефинира што е тоа, во која димензија ќе се рачуна за помор на риби.

Понатаму во членот 32, потребно е да се дополни каде се зборува за задачите на концесионерот, потребно е да се дополни дека концесионерот е должен за секој помор на риби, нормално ако се прифати предлогот помор на риби да се внесе во поимникот, а мислам дека е неизбежен, да се доставaт податоци во Инспекторатот за земјоделие. Значи, секој концесионер при помор на риби да го задолжиме да достави податоци за поморот на риби во Инспекторатот за земјоделие, како би можело побрзо да се утврдат причините за таквиот помор, заштита итн.

Тоа е во делот на предложениот текст дополнувања кои ги предлагаме.

Сега би се осврнала на вториот дел од моето излагање за да предложиме нови членови кои би се вметнале во овој закон, а се со цел на подобрување на целиот закон.

Предлагаме да се внесе член за период на ловостој. Точно да се дефинира периодот на ловостој на сите видови на риби кои ќе бидат регулирани со овој закон. При услови на промена на режимот на вода, според метеоролошки, хидролошки, биолошки показатели во различни риболовни подрачја министерот да може да го измени периодот на ловостој на загарантираните видови на риби во тие подрачја.

Понатаму предлагаме да се воведе еден член за ограничување за користењето на риболовната вода. Во природните рибни мрестилишта да се забрани вадење на песок, шљунак, камења и слични активности со цел да се избегне нарушување на еко системот, како и на рибниот фонд, бидејќи ваквите активности директно атакуваат на рибниот фонд.

Исто така корисниците на доводни турбински и други канали задолжително да вградат и одржување уреди кои спречуваат навлегување на рибите во истите, значи корисниците на брани се доллжни да обезбедат соодветни рибни премини така наречени стази за да не се нарушува патот на рибите, бидејќи рибите се во постојано движење. Тука би го спомнала како еден негативен пример што го има Македонија, примерот со јагулата, која, за жал, поради изградбата на двете хидроцентрали на Дрим се прекина патот по кој таа од Охридското Езеро патува до Саргаското Море и назад. Изградбата на овие две хидроцентрали на Дрим го пресече патот на јагулата така што ние сега сме доведени во ситуација да јагулата е вистинска реткост во Охридското Езеро, а да припомнеме години наназад таа беше вистинско богатство на Охридското Езеро, но за жал, и покрај поединечните обиди да се направат тие стази на овие две хидроцентрали не се случи тоа и од година во година од сезона во сезона бројот на јагули во Охридското Езеро е сведен на минимум, а се плашам дека во најскоро време таа може да исчезне од нашето Езеро.

Затоа е потребно да се воведе ваква законска регулатива и да се задолжат, доколку градат хидроцентрала, да изградат и стази по кои рибите ќе си одат по оној природен пат кој го имаат и секако да се задолжат да ги одржуваат таквите стази итн. Тоа ќе го постигнеме само ако ги обврземе со закон. Ќе постигнеме голем ефект при заштитата поготово на вакви ендемични видови на риби.

Предлагаме нов член да се воведе за зачувување на екон системите во риболовните води при што ќе се пропише забрана за испуштање на штетни опасни материи и реагенси со кои би се нарушил физичкиот, хемискиот и биолошките одлики во риболовните води, бидејќи со нарушување на овие својства на водите, директно се загрозува животот, здравјето и состојбата на рибите односно нивниот опстанок. Притоа да се пропише забрана за фрлање на било каков смет итн со цел да се спречи негативното влијание врз целиот животен циклус пред се мрестот на рибите.

Значи, ваквите активности го загрозуваат животниот циклус пред се мрестот на рибите и со тоа рибниот фонд од година во година опаѓа.

Да се воведе нов член по однос на недомородните видови на риби, да се пропише дека внесувањето на нови видови риби кои до сега не постоеле во риболовното подрачје е

забрането. Значи, строга императивна забрана за воведување на недомородни риби и за внесување на други видови риби да треба посебна дозвола одМинистерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање и секако да се пропише строг инспекциски надзор и контрола на воведувањето на недомородните риби. Бидејќи се познати случаи кога со воведувањето, тука би го спомнала воведувањето на еден вид калифорниска пастрмка во Охридското Езеро беше во опасност да се нарушат домородните риби во Езерото. Тоа секако би претставувало ако воведете некоја агресивна риба, тогаш може да ви се случи по природен систем на исхрана, таквите агресивни видови на риби да ви ги истребат оние кои ви се домородни или препознатливи за тие води. Затоа да се воведе строга забрана за воведување на тие риби и да биде исклучиво со дозвола на овие две ресорни министерства, кои претходно нормално ќе ги изанализираат сите состојби и можности.

Исто така предлагаме да се воведе уште еден член во случај на промени на физички, хемиски и биолошки одлики на риболовните води кои од своја страна негативно делува на рибниот фонд или постојат определени причини што би го резултирале тоа, корисникот односно концесионерот да е должен да преземе адекватни мерки за да го сочува рибниот фонд. Значи, како обврска на концесионерот. Ако ние му даваме право на некој начин да стопанисува, тогаш мора да преземе и строго пропишани законски обврски.

Излогот на загрозената риба и нејзиното дислоцирање во други риболовни води заради нејзино спасување е исто така една од мерките која може да се воведе во овој закон и притоа да падне на концесионерот. По излогот и дислоцирањето на рибата корисникот на дозволата односно концесионерот да е должен да поднесе извештај во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за количините, видот на рибата, временскиот период на риболовот, местото и начинот на риболовот, кои прибори и средства се користени итн, за што нормално самиот концесионер ќе си обезбеди средства, а се во насока да се заштити рибниот фонд.

Доколку  овие наши предлози бидат интересни, прифатливи, реални, остварливи, тогаш предлагаме да се дополни законот со уште инспекциски надзор за овие членови кои ние ги предлагаме. Значи, надзор во спроведување на мерки за зачувување на рибниот фонд, забрани, внесување на нови недомородни риби и строг инспекциски надзор, надзор на риболовни води и околина со цел да се спречи депонирање и фрлање на смет и загадување од хемиска природа, надзор на риболовни води и околина со цел да се спречи испуштање на овие штетни материи што ги спомнав.

Се надевам дека со прифаќањето на овие наши предлози и зголемување на инспекцискиот надзор во делот на овие новитети, ќе дојдеме до еден уште подобар и поцелисходен закон кој, со неговото имплементирање, секако ќе ја подобри состојбата на рибите, риболовните води и на целиот овој систем и секако ќе ја развие законската новина односно аквакултурата која е значаен сегмент во нашиот систем. Ви благодарам на вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лалчевска.

Реплика од три минути има господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата реплика се сведува на една исправка на почитуваната колешка Лалчевска за дел од нејзиното излагање, веројатно од непознавање на материјата и би сакал да покажам и на охриѓани, бидејќи само охриѓани се јавија, дека има и други луѓе од нашата република кои ја познаваат проблематиката на рибарството.

Конкретно се однесува на делот на јагулата. Патот на јагулата точно е дека е прекинат со изградбата на браните од страна на ЕСМ, меѓутоа, со изградбата на браните, за наше сознание и на целокупната македонска јавност, треба да знаеме дека е потпишан договор дека ќе има вештачко порибување секоја година од 1000 до 1300 кгр на подмладок од јагулата, така што таа грижа дека јагулата ќе исчезне, нема бојазност, односно на времето се мислело дека тоа мора да се продолжи. Токму на таа материја имаме наш член на Ветеринарниот факултет во Скопје кој меѓу 5300 апликанти ја доби Фордовата награда, беше пред 5-6 години, токму на тоа на изградба на природен пат на јагулата, за да се овозможи нејзино мрестење на местата каде што тоа се врши односно ако добро се сеќавам од училиштето тоа беше Саргаското Море и повторно да се врати назад во Охридското Езеро.

Тоа само како дополнување односно како информација за излагањето на почитуваната колешка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димитровски.

Контра реплика од една минута за госпоѓа Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

За волја на вистината јас не сум стручњак по рибарство иако сум од Охрид, меѓутоа, за јагулата знам многу работи.

Точно е дека се порибува јагулата вештачки, меѓутоа, исто така е точно дека јагулата во својот инстинкт го има забележано тоа патување. Ако неколку генерации не го вршат тоа патување до Саргаското Море и назад, тој инстинкт ќе се изгуби и повеќе нема да биде таа јагула. Затоа предлагам да се воведе законска обврска за изградба на така наречени стази за патот на јагулата и не само за јагулата, туку и за други риби онаму каде има потреба.

Мислам дека апсолутно не е грешка, а вештачкото порибување е само модалитет или мерка која би требало да се користи во одредени сегменти и дозирано. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави заменик министерот за земјоделие, повелете.

**Перо Димшоски:** Го барам членот каде сигурен сум дека е некаде обработено да се овозможи патување на рибите на миграционите врсти. Не можам да го најдам сега, но во интерес на времето знам дека е дел од законот.

Што се однесува на одговорноста на концесионерот, тоа е и те како деликатно прашање, ќе биде доста обработено со тие акти.

Во однос на порибувањето имаме ситуација каде во Охридското Езеро неколку години немаме концесионер, бидејќи е одземена таа концесионерска дозвола, бидејќи не си ги исполнувале обврските, се оди на размислување да не може секој кој нема да покаже докази дека ќе се грижи, дека е доволно економски моќен да го одржува рибниот фонд, нема да може така лесно да земе концесија. Тоа е во изработка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратенокот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас ќе бидам многу краток, во интерес на времето, бидејќи се приближува 14,00 часот, ќе се задржам само на една работа заради запознавање на јавноста колку е во тешка ситуација Охридското Езеро во последните години околу порибувањето. На крајот ќе дадам едка сугестија до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го земе во предвид мислењето на Хидробиолошкиот институт од Охрид.

Инаку, се работи за многу тешка состојба на Охридското Езеро околу порибувањето, бидејќи во 2007 година се собрани околу 600 илјади зрна икри, а во однос на 2006 година кога се собрани некаде 2.400,000 зрна икри и мрестилиштетот во Струга "Шум" за оваа година има обезбедено околу 300 илјади зрна, а од друга страна на Охрид има намалување во албанскиот дел собирањето на зрна икра е преполовено. Значи, се работи за 1.800,000 зрна икра за 2.400,000 кои треба да се искористат за да дојде до подобрување со риби во Охридското Езеро. Добро е што Охридското Езеро треба да се концесионира, добро е што за него некој ќе земе обврска и колегата Рилковски кој доаѓа од Охрид кажа дека во период од 6 години што се предлага во овој закон е мал, неговиот предлог беше некаде 10 години, бидејќи од читање литература и слушајќи од колегите, за пастрмката се потребни 4-5 години да се обнови, па мое мислење е под 12 години да не биде концесионерството за да може оној кој ќе го земе Охридското Езеро под концесија да може барем во две фази да изврши порибување на Охридското Езеро со нови риби.

Најреално би било некаде 12 години да може да има период од добивањето на концесијата до подготовката за порибување и до нејзино експлоатирање во два циклуса.

На крајот би сакал да кажам дека Хидробиолошкиот институт од Охрид ќе даде свое мислење до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека нивното барање односно размислување е дека треба да се даде петгодишен мораториум за лов на пастрмката во Охридското Езеро. Дали е тоа остварливо или не, дали може со оној кој ќе добие концесија да се обврзе во првите 4-5 години да не ја експлоатира рибата од Охридското Езеро добро да се размисли и предлогот на овој Институт е добар затоа што само на тој начин ќе дојде до обновување на пастрмката во Охридското Езеро. Од мене толку, благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

За реплика е пријавен заменикот министер за земјоделие, повелете.

**Перо Димшоски:** Ова е доста конструктивен предлог, во тек сме на разгледување на тоа доколку се изнајде, тоа е целата работа на овој закон, го регулира концесионерството и економската експлоатадија пред се на Охридското Езеро кое спаѓа под овој закон, што не беше добро регулирано до сега, мислам дека ќе има доста слух за еден ваков предлог.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димшоски.

Госпоѓо Кипаризовска ќе почнете сега или по паузата? По паузата.

Тогаш давам пауза за ручек до 15,00 часот.

Благодарам.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,57 минути)

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Анита Кипаризовска-Крстеска. Повелете.

**Анита Кипаризовска-Крстеска:** Благодарам потрептседателе,

На почетокот би сакала да го поздравам Прегледот за донесување на закон за рибарство и аквакултура, што е денес како точка на дневниот ред, при што би истакнала само неколку работи во контекст на овој предлог за донесување на закон.

Имено, би споменала дека Законот за рибарство кој сеуште е во важност е акт кој е регулира областа на рибарството во Република Македонија, меѓутоа, факт е дека постојното законодавство не е усогласено со директивите на Законот за животна средина, за просторно планирање, Законот за просторно планирање, Законот за концесии, како и проблематиката која е неопходна за доближување до онаа на Европската Унија. Поради овие причини добро е што Владата на Република Македонија предложи донесување и предлагање нов закон за рибарство и аквакултура, кој ќе биде усогласен со законските регулативи на Република Македонија кои имаат

допирни точки со рибарството, како и законодавството на Европската Унија. Колку што ми е мене познато, при изготвувањето на овој Предлог за донесување на закон и во оваа фаза консултирани се претходно преку семинари и трибини експерти од оваа област, научни установи, невладини огранизации, здруженија на спортски риболовци и исто така сметам дека нивните предлози, мислења сугестии и забелешки се составен дел на овој предлог.

Со оглед на фактот што доаѓам од Охрид и сум имала можности да разговарам со здруженијата од овој град, добро е што се користени искуствата како од невладините организации од нашата земја така и од европските земји членки на Европската Унија. За да се опфатат основните принципи за користење на рибите и останатите водни животни во риболовните води, одгледување на рибите во одгледувалишта, нивна евиденција, појаснување на начинот на користење и плаќање на надомест, евиденција и регулирање на пазарот.

Овој предлог за донесување на закон за рибарство и аквакултура за разлика од постоечкиот, би кажала дека во општите одредби содржи попрецизно и поразбирливо дефинирање на поимите, користење на водите, рибите, дејноста рибарство, риболовните води и нивната поделба на риболовни подрачја, риболовните зони, риболовните ревири и рекреативните зони.

За остварување на целите во управувањето на Предлогот за донесување на закон за рибарство и аквакултура, за разлика од постојниот Закон, би кажала дека попрецизно е определено управувањето со риболовните води. Постои изработка на рибарска основа, стручна студија која што ја изработува научната установа, врз основа на која ќе се доделува рибниот фонд на користење или под концесија, односно добро е што се дава предност на науката за да обезбеди стопанисување со рибите во риболовните води на начин на кој ќе обезбедува нивна трајна репродукција и заштита. Секако, тоа налага потреба и од изработка на национална програма за рибарство која ја донесува Владата на Република Македонија.

Понатаму, би истакнала во контекст на овој предлог за донесување на законот за рибарство и аквакултура дека за прв пат во овој предлог е предвидена комисија која е составена од членови на сите релевантни чинители од областа на рибарството кои ќе вршат стручни работи од областа на рибарството.

Би кажала дека за разлика од постојниот Закон, во делот за стопанисување со риби уредена е и постапката за доделување концесија на рибите во риболовните подрачја, риболовни зони, рекреативни зони и риболовни ревири. Постапката во постојниот Закон, кој е сеуште во важност- инаку, би кажала дека е во колизија со Законот за концесии и за разлика од постојниот Закон, во овој предлог точно се определени задачите на концесионерите. Точно е определено кој го утврдува надоместокот за стопански и рекреативен риболов, каде да се уплатат средствата што се остварени и како да се уплатат средствата кои се остварени од овој надоместок за концесија.

Понатаму, добро е што за прв пат се регулира и ловот на јагула во местото Даљан во Струга. Понатаму, точно е прецизирано што е стопански риболов, како се врши, под кои услови, почетокот и времетраењето на концесијата, содржина на договорот, престанок, одземање или ограничување на концесијата, задачите на концесионерот, дневната евиденција на количината на улов по видови на риба, број и видови на рибна риболовна опрема и алатка.

Би кажала исто така дека за разлика од постојниот Закон спортскиот риболов овде е поделен на рекреатвиен за сите рекреативци и спортски за натпреварувачките дисциплини. Добро е што во рекреативните зони ќе биде дозволен само рекреативен и спортски риболов. Понатаму е добро што се определува и постапката и условите за доделување на концесија за рекреативните зони и во риболовните ревири. Исто така, воведена е легитимација за рекреативниот риболов, без која не може да се издаде дозвола за риболов, што не беше случај досега.

Во делот на аква културата, кој го нема во постојниот Закон, точно се дефинирани водите на кои може да се врши оваа дејност, кој и како издава дозвола за аква култура, дозволените видови на риба за одгледување, водењето евиденција и регистарот на одгледувачите на риби.

Со Предлогот за донесувањето на закон за рибарство и аква култура се утврдуваат и потребните пропратни документи за рибата која што се става во промет.

За прв пат со овој Предлог за донесување на закон за рибарство и аква култура се регулира и статусот на Националната федерација на Македонија во спортски риболов, односно нејзината обврска и задача за унапредување на рибарство. Добро е што се дава за прв пат можност за здружување на концесионерите и одгледувачите на риби по одредени форми за подобро производство, понуда и продажба на риба.

Исто така, во споредба со постојниот Закон, во овој Предлог за донесување на закон за рибарство и аква култура точно е прецизирано кој ја врши заштитата на рибниот фонд за доделување концесија или кога е одземена концесијата.

Исто така, добро што се предвидени мерки за заштита и што е забрането во риболовните води, а вметнати се и повеќе забрани што ги нема во постојниот Закон, сето тоа со цел за подобра заштита на рибниот фонд.

Понатаму, сметам дека во Предлогот за донесување на закон е добро што се определува кој има право да поседува и продава мрежи за риболов, со што се забранува слободната

продажба на мрежи, со што пак сметам дека директно ќе се придонесе за намалување на недозволениот риболов, односно ќе се намали рибокрадството. Исто така, добро што во овој Предлог за донесување на закон е прецизирана штетата и отштетата и како може да придонесе за поморот на рибите, а предвидено е и дека отштетата треба да ја плати причинителот на оштетениот.

Во делот за финансирање на рибарството Предлогот за донесување на закон за рибарство и аква култура точно уредува за кои мерки од областа на рибарство и аква култура ќе треба да се обезбедат средства од Буџетот на Република Македонија, како и на кој начин може да се обезбедат тие средства.

По Предлогот за донесување на закон за рибарство и аква култура ќе кажам дека покрај другот се овозможува и надзор од страна на Државниот инспекторат за потеклото на рибата во угостителските објекти, продавниците, рибарниците, маркетите во кои се продава риба, како и зелениот пазар, што со постојниот Закон не беше дозволено и не беше регулирано. На овој начин ќе се придонесе рапидно да се намали шверцот со риба.

Во делот за прекршоците би кажала исто така неколку зборови, дека износите на глобал се многу зголемени за разлика од сегашните, што секако ќе придонесе за намалување на рибокрадството, шверцот на риба и секако ќе ги натера рекреативните риболовци да ги почитуваат важечиките законски прописи.

Токму поради овие причини поради она што претходно го искажав сметам дека е добро да се поддржи овој Предлог за донесување на законот за рибарство и аква култура, со што покрај она што е претходно искажано, ќе се изврши и усогласување на постојната регулатива со законодавството на Европската Унија, а тоа е она кон кое сите ние заедно тежнееме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот господин Ратко Димитровски. Повелете.

**Ратко Димитровски:** Почитуван потпретседателе, почитувани заменици министри, почитувани пратеници,

Моето обраќање, моето јавување, мојот осврт за овој закон ќе биде мошне краток и мојот осврт ќе биде насочен кон работите кои ги забележувам на првата страница. Тоа е уште еден закон со ѕвездичката на Европската Унија, тоа е еден закон кој ни го налагаат прописите на Европската Унија, односно дека сме обврзани да ја регулираме материјата која се однесува на рибарство. Ние ја имаме еднаш веќе регулирано, меѓутоа, со овој закон на еден поинаков начин се регулира оваа материја.

Претходните колеги се осврнаа доста опширно и опсежно на делот на стопанскиот риболов, риболовот како стопанска гранка. Јас потекнува од еден крај кој за жал нема стопански риболов, меѓутоа, крај кој што е врзан со другите типови на риболов, за кои посебно би сакал да зборувам, а тоа е рекреативниот и спортскиот риболов, односно регулирањето на материјата на еден поинаков начин отколку што беше до сега. Само би напоменал дека тоа се однесува за риболовот на речните сливови, на поголемите реки и вештачките езера, каде што со постојниот Закон министерот со посебна уредба уредува кои се тие места каде ќе може да се врши рекреативен риболов, за разлика од досегашната пракса на многу места од овие што ги набројав, од реките или посебно од вештачките акумулации, се вршеше злоупотреба, прекумерно ловење на риба, односно пласирање на рибата на пазарот. Оваа материја во овој Закон е регулирана со делот 2, во членовите од 40 до 59 и во неа е назначено дека таков тип на риболов, пред се мисли на рекреативниот риболов, може да се врши на места што ги определува министерот за земјоделство со посебен акт.

Во овој дел од Законот е регулирано дека на овие места се издаваат концесии, за кои концесии важат истите правила како и за местата каде што се врши стопански риболов и дека и тие концеси важат на 6 години, меѓутоа, и за нив важи процедурата дека ако не се спроведуваат мерките, не се уплатува на време надомест, на незаконски начин се врши стопанисување или на незаконски начин се врши риболов, веднаш со решение им одземаат концесиите за вршење на рекреативен риболов. На тој начин ќе се избегнат досегашните неправилности кои се вршеа од одредени лица или од одредени структури. Исто така, во овој дел е регулирано дека тоа го вршат здруженија на граѓани. Ние го имавме Законот за здруженија на граѓани, знаеме веќе како се формираат, како можат тоа да го прават, меѓутоа, тие здруженија на граѓани издаваат свои легитимации, значи тие се регистрирани, тие си плаќаат своја концесија и тие го регулираат начинот на стопанисување со овие објекти каде ќе се врши рекреативниот риболов.

Овде посебно би се осврнал на делот каде е регулиран спортскиот риболов, заради тоа што овие два типа на риболов можат да придонесат ако не во голема количина, меѓуота, за едно мало потпомагање за развојот на туризмот во оние краишта кои се рекреативни или туристички зони, така што може да се привлечат спортсдките риболовци со обичен спортски риболов или со организирање државни или меѓународни спортски натпревари во риболов.

Понатаму, би рекол дека со овој Закон посебно е регулирано дека можеме да имаме уште два типа на риболов, кои се посебни, мелиоративен и селективен, риболов за научно истражувачки и риболов во подрачја прогласени за национални паркови. Во овој Закон се применети и новите типови на казнени одредби со воведување глоба, каде што децидно се кажани и начините на казни во случај на неприменување на овој закон, односно пред се овде би потенцирал во случај на ловење на риба со недозволени средства, било

да се тоа експлозивни средства или некои хемиски материи кои донесуваат огромни штети не само на рибниот фонд, туку можат да донесат и штети за пошироката околина.

Накратко, моето излагање тука би го завршил со обраќање до сите колеги дека во целина го поддржувам овој закон и ги повикувам исто така да го поддржат целокупниот Предлог закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за рибарство и аква култура.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за рибарство и аква култура, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој Заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласате, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапине на гласање.

Ги замолувам пратениците уште еднаш кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе гласаме.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата има доволен број пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Во салта се присутни 63 пратеници, вкупно гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекурзори, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Закондоавно-правната комисија, ви се доставени донсоно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик минситерот за здравство Владимир Лазаревиќ.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе. Ако дозволите накратко јас би дал едно образложение за промените во врска со законот. Во Република Македонија во 2004 година е донесен Законот за прекурзори кој што го уредува системот за следење и контрола на производството и промет на прекурзорите со цел спречување на злоупотребата на прокурзорите, за нелегално производство на опојни дроги и психотропни супстанци, како и заради заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина. Согласно Програмата на Владата на Република Македонија, Министерството за здравство имаше обврски во согласнсот со промените кои што настанаа во европската регулатива да направи соодветни промени и во нашата регулатива и како резултат на тоа практично се пристапува кон овие измени и дополнувања на Законот за прекурзори.

Јас накратко би ги образложил и кои се начелата врз кои што се заснова овој закон, а тоа се следење и контрола на производството и прометот на прекурзори, со цел спречување на злоупотребата на прекурзорите, за нелегално производствона опојни дроги, заштита на животот и здравјето на луѓето и спречување на организиран криминал на национално и меѓународно ниво. Битно е да се напомене дека прекурзорите, практично тие се базна суровина за добивање на дроги, што значи дека подетална регулатива ќе настане со усвојување на законот за опојни дроги кои што е во фаза на изработка. Така што ова не се финални продукти. Тоа е многу битно да се наведе. Овие промени исто така се направени во согласност скрининг Програмата која што Република Македонија ја има со партнерите во Унгарија и во Холандија, тоа е практично од КАРДС програмата. Што ќе се постигне со усвојување на овие промени? Битно е дкеа ќе се направи прво усогласување со новото законодавство на Европската унија, ќе се дорегулира начинот на водење на евиденцијата и документацијата поврзана со прекурзорите, ќе се пристапи кон регулација на конкретен прекурзор, а не како што беше до сега групна регистрација. Исто така, ќе се овозможи преземање на истражни мерки од страна на соодветните органи како што е МВР, Царинската управа и Јавното обвинителство. Сето ова се прави со цел да се спречи евентуалниот организиран криминал и пренасочување на прекурзорите од легални во нелегални канали. Со оглед на фактот дека ние се наоѓаме во едно такво подрачје каде што често пати се случува полицијата да заплени дрога, многу е битно Република Македонија да има соодветна законска регулатива која што ќе овозможи да се следи било каков тип на контрола на овие базични суровини.

Накратко само би поминал низ членовите кои што се добро опишани во образложението. Значи, со членот 1 практично се усогласуваат дефинициите за увозник, извозник согласно регулативите на Европската унија. Со членот 3 се додаваат НС кодовите, тоа е хармонизиран систем на кодови кои се применуваат од страна на земјите во ОН. Со член 4 се додава услов за додавање на доказ за неосудуваност на одговорното лице. Оваа

одредба исто така е во согласност со регулативите на ЕУ, меѓутоа и со имплементација на Законот за прекурзори укажува на потребата на ваков документ. Во членот 5 се додаваат два нови става кои ги задолжуваат операторите да ја чуваат севкупната документација за сите трансакции кои што се поврзани со временски период. Тука мислам имаше и дискусија на Законодавно-правната комисија, дали е доволен периодот за кој што се чува документацијата 5 и 3 години, мислам од причини што ова сепак не се финални продукти, довоелн е периодот како што пропишува оваа промена. Во членот 8 се додаваат ограничувања за промет со прекурзорите. Со оваа генерална дозвола за прекурзори се заменува дозволата за промет со точно определен прекурзор. И оваа мерка е во согласност со ЕУ регулативите, исто така ја зголемува можноста за следење и контрола на прометот и производството. Во членот 10 се додаваат временски рокови за задолжително известување за промени во однос на просторот, опремата и кадар кој што надлежниот орган треба соодветно да постапи. Член 11 дава обврска за посочување на применетиот прекурзор до колку се работи за смеса, како и рокови за чување на документацијата. Членот 12 има обврска за доставување на годишни извештаи во врска со прометот на прекурзорите. Членот 14 воведува основ за пропишување на формата на образецот за информирање. Членот 15 е основ за објавување на листа на земји кои се во согласност со конвенцијата на ОН од 1988 година. Членот 17, се додава член кој е од особено значење за преземање на посебни истражни постапки од страна на полициските и царинските органи до колку постои основано сомневање да се следи одредена пратка. И во измените во членот 21 укажуваат дека податоците од евиденцијата која ќе се води од страна на Министерството за здравство ќе има доверлив карактер и нема да може да биде користена без овластување. Конечно со последните членови 20 и 27 се врши усогласување на санкциите со Законот за санкции нема да има финансиски обврски за спроведување на овој закон. Сметам дека е еден позитивен закон.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, господине заменик министер, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи донесувањето на измените и дополнувањата на овој закон од повеЌе причини. Првата причина заради која што го подржуваме донесувањето на овие измени е затоа што овој закон има ознака на Европската унија, а ние како пратеничка група кажавме дека сите оние закони и измени на закони кои што значат забрзување на нашиот од кон евроинтегрирањето ќе ги поддржиме и еве тоа е случај. Втората причина заради која што го подржуваме овој закон е заради целите кои што се постигнуваат со овој закон, пред се заради заштита,прво заради следење и контрола на прекурзорите, заради сопирање на нивно нелагелано производство, заради заштита особено на животот и здравјето на луѓето и заради спречување на организиран криминал. Свесни дека Република Македонија полека станува земја во која што се повеќе расте бројот на зависници од дрога, од опијати и тоа се повеќе се намалува долната граница на уживатели, па така во Република Македонија веќе имаме случаи каде што се регистрираат уживатели на опојни droги дури и со 12 годишна возраст. Секоја сериозна држава која што е загрижена за својата иднина мора да води сметка за младите и особено мора да води сметка за заштита на нивниот живот и здравје, за здрав живот на децата, а тоа секако во оваа сфера ќе го направи со строга контрола и строго следење на производството и прометот на прекурзорите. И третата причина заради која што ние навистина не се двоумиме да го подржиме овој закон е усогласувањето на овој закон со новиот закон за прекршоци кој што го донесовме во претходниот мандат.

Почитувани колеги, факт е дека подготовката на овие измени е отпочната многу од поодамна. Владата работеше и во претходниот состав и тоа во соработка со КАРДС програмата, мислам дека и со унгарската и со холандската влада и резултат на оваа соработка и резултат на работењето се овие измени.

Она што сакам овде да го потенцирам, а кое што би сакала да го сватат како порака и останатите минситерства да го следат примерот при изготвувањето на овој закон е што овие измени се дадени кореспоидентни табели со директивите со кои се усогласува нашето законодавство. Ова е добар пример како треба да постапуваат и останатите министерства, затоа што овде се дадени сите директиви и преведени директиви со кои што се усогласува овој закон. Бидејќи вака во оваа ситуација во која се наоѓа Парламентот и пратениците, ние немаме ресурси во Собраниево. Тоа сме го дебатирале повеќе пати и во повеќе ситуации. Не можеме да имаме увид во сите директиви. И ова е добар пример како пратеникот може да биде информиран, која е таа директива, како гласи таа директива и дали навистина целосно се имплементираат одредбите од директивата во законот. А наспроти ваквиот пример имаме чести случаи во министерствата каде што само во образложението се повикуваат на директивата, со едно сувопарно повикување, без да се знае дали навистина се однесува за усогласувањето со таа директива и кој е текстот на директивата.

Сега конкретно по текстот на законот,бидејки она што го кажа заменикот министер дека на ЗПК била искажана забележка во однос на рокот за чување на документацијата од страна на производителите на прекурзори. Овде во членот 4 е утврден рок од 5 години. Јас повторно ќе го искажам мојот став дека 5 години е многу мал рок за чување на документација за производство на прекурзори. Точно даде објаснение заменикот

министер дека овој рок е доволен затоа што оваа не била финална дрога, туку е основа за производство на дрога. За мене мислам дека е се исто дали се работи за финална дрога или за материја, супстанца од која што се произведува дрога. Знам дека книговодствените стандарди за обично водење на книговодство за останатите, да речам производи рокот на чување на овие документи на комерцијалната и царинската документација е 5 години. Но, сметам дека и понатаму останувам на ставот дека 5 години е многу мал рок за чување на ваквата документација, затоа што знаеме дека при увозот на вакви прекурзори од кои што  се прават опојни дроги заради  заварување на трагата може од денот на увезување на прекурзорите до денот на нелегалното производство на дрога да помине повеќе време. И затоа сметам дека и ова треба да се усогалси со рокот на кривичен прогон за кривични дела од ваков вид, затоа што е многу важно во кривичните постапки за утврдување на кривичната одговорност во ваквите дела.  Значи треба да се усогласи рокот за чување на оваа документација со рокот на кривичен прогон за овие кривични дела.

Она што јас особено го истакнав на ЗПК и сакам овде на пленарнава седница да гокажам, затоа што според мене сметам дека е доста важно. Деновиве пак ќе го повторам, овие месеци сме сведоци на откривање на дроги и опијати кои што се предмет на  кривично дело и во Законот за кривична постапка има процедура како се чуваат овие предмети на кривично дело. Јас кажав на Комисијата, а и сега ќе кажам, во кривичната постапка е опишан, или е пропишан начинот на подготвување за сите предмети кои што произлегуваат од кривични дела., зборувам за законска материја. А сето останато што се однесува за дроги и опијати се регулир асо подзаконски акти. Бидејќи Македонија сериозно се соочува со овој проблем, јас предлагам постапувањето со прекурзорите кои што се основа за добивање на дроги и со дрогите и опијатите постапката да биде законска материја. Јас предложив во овој закон да се уреди постапувањето, меѓутоа од страна на претставникот, Захариев Илчо мислам беше на Комисија и беше предочено дека е во фаза на изработка нов закон за опојни дроги. Јас ова го примам на знаење и како едно ветување дека навистина треба Министерството да се обврзе, еве ако не смета дека во овој закон му е местото, во законот кој што ќе следува да ја регулираме оваа работа со закон. Значи, постапувањето со опијатите, дрогите и прекурзорите кои што исто така претставуваат дроги подоцна со преработка можат да станат и дроги, прекурзорите се користат како лекови, но можат лесно да станат дроги и опијати. Таму во тој закон да се опише, или да се уреди со закон постапката, т.е. начинот на постапување со опијатите, прекурзорите и дрогите кои што се предмет на кривично дело. Значи, не смееме оваа работа да ја оставиме да биде регулирана со подзаконски акт, не смееме оваа работа да ја оставиме да ја регулира министер, било кој да е, под претпоставка еве и министер кога сме биле на власт. Оваа работа е многу сериозна. И предлагам и барам Министерството во законот за кој бевме информирани дека ќе следува, оваа материја да биде законска и да не оставиме да биде регулирана со подзаконски акти, бидејќи тоа претставува основ за злоупотреба на тие предмети, злоупотреба дури и од овластени лица. Би го завршила мојот говор, дека ние го подржуваме донесувањето на измените на овој закон, повторно кажувам, заради причините кои што претходно ги кажав, а особено заради тоа што претставува усогласување со директиви, четири се таму наброени на европското законодавство.

**Иван Анастасовски:** Има збор Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам потпретседателе, јас исто така би сакал да се заблагодарам на пратеничката Цветанка Иванова за конструктивната дискусија во делот на забелешките кои што се однесуваат за чувањето на документацијата и за попрецизно регулирање во закон на овие продукти. Ние виситнски се обврзавме и јас можам само да ви потврдам дека законот за опојни дроги е во завршна фаза и секако дека ќе биде предмет на дискусија и на дебата каде што ќе ги прифатиме сите ваши забелешки и ќе бидат вметнати во законска регулатива. Исто така, овој закон самиот по себе, овие измени ќе повелчат изготвување на уште 6 правилника, со кои што дополнително ќе се регулираат сите овие односи и практично сите процедури кои што следат со цел да се спречи било каква евентуална негативна појава.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам. Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници. Денеска пред нас е, за мене ценам многу важен Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекурзори, со Предлог на закон.

Зошто велам дека е важно, бидејќи е јасно дека со него се уредува системот за следење и контрола на производство и промет на прекурзорите кои за информирање на јавноста е добро да кажеме дека се базни субстанци, дека се хемиски субстанци кои се користат во производството на лековите. Но, доколку со нив се манипулира, се работи и се злоупотребува, тогаш може да се произведат опојни дроги, за кои верувам дека сите од нас сме свесни колку штетно влијаат воопшто на населението во една држава, а особено на младата популација. Прекурзорите во негативната смисла како базни супстанци за производство на дроги како што е кокаинот, екстази, хероинот, ЛСД и слично е нешто што ценам дека со овој Предлог на закон во старт или воопшто ќе се изнајде добар начин

да се спречи и да се изнајде начин за борба со дрогата. Иако овој закон не го уредува тоа, иако добивме како информација од заменик министерот дека веќе е во подготовка законот за опојни droги, тоа е за поздравување, но ценам дека овој закон претставува превентивност во однос на нелегалното користење за производство на тие опојни дроги и психотропни субстанци. Со тоа, секако, се прави и заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина од штетното влијание на истите. Особено е важно да се каже дека во овој закон се усогласува со најновите законски прописи од Европска унија, иако постои закон кој е донесен во 2004 година, Министерството за здравство покажува голема инвентивност и тоа е за поздравување, затоа што следејќи ги најновите законски прописи од Европска унија и овој дел кој е многу чувствителен го регулира, со тоа што едновремено врши усогласување со казнените одредби, кои се утврдени со Законот за прекршоци донесен во 2006 година.

Инаку, начелата на кои се заснова овој Предлог закон за измени и дополнувања, се исти со начелата на Законот за прекурзорзи. А, инаку, тие се многу важни. Тоа е следењето и контролата на производството и промет на прекурзорите, со цел спречување на злоупотреба на истите за нелегално производство на опојни дроги и психотропни субстанци, за заштита на животот и здравјето на луѓето и заштита на животната средина од штетното влијание од нив и спречување на криминал на национално меѓународно ниво. Последното е многу важно и ценам дека ова е превентивен чекор за да се спречи токму истото.

Што се однесува до самиот Предлог на закон, односно до неговата содржина, почнувајќи уште од првиот член, инаку, Предлог на законот не е обемен и содржи 20 члена и јас би искоментирала за секој од нив по нешто.

Во првиот член е многу соодветно, во кој со поимот увозник и извозник, точно се дефинира секое правно лице, кое гланво е одговорно за увозните односно извозните активности преку економски и правни односи со прекурзорите и за корисник и кој кога тоа е соодветно поднесува и царински декларации или во чие име се поднесува царинската декларација. Тоа се две нови точки, кои многу прецизно дефинираат уште во членот 2 што е тоа увозник и извозник и каква е одговорноста на истите. Во членот 3 ценам дека е многу добро прикажано, трите категории на овие прекурзорзи кои се сега кодирано прикажани со хармонизирана кодизација, како што го има во Европска унија и во меѓународните комуникации во земјите надвор од Европа. Тоа е добро, затоа што на тој начин секое од овие дефинирани средства си имаат свој код или свое име и презиме, шифрирано во кое не како група, средства би се користеле во царинските декларации, туку точно дефинирајќи ги кодовите и повикувајќи се на нив, нивното име и презиме.

Што е важно за овие категории на прекурзори. Важно е да се истакне дека нивната поделба во трите категории, барем за обичниот народ, дека се тоа категории, првата како базни субстанци, втората категорија субстанци за синтеза и третата категорија на прекурзори за екстрактори за чисти субстанци.

Во првата категорија ефедринот би го истакнала, еве би кажала како пример, кој во вообичаените користења е лек, но доколку се злоупотреби тој може да стане опијат кои многу штетно влијае и младите популации ги донесува во ситуација на зависност.

Ергометринот кој како средство се користи за изработка на лек во гинекологијата, доколку се злоупотреби од него може да се добие ЛСД опијат, кој верувам дека на сите ви е многу познат што тоа значи. Или хиперманганот, калиум перманганат, кој се користи во секојдневната употреба, па дури и мајките за дезинфекција или за нега го користат, а доколку се искористи нелегално од него може да се добие опијатот кокаин итн.

Верувам дека од овде на сите ни станува појасно дека злоупотребата на ваквите прекурзори за производство нелегално на опојни дроги или опијати е возможно и е добро ова да се спречи, на овој начин што конкретно, со одредени прецизни барања од фирмите кои се занимаваат со истите, нивното следење ќе се ограничи можноста или ќе се спречи можноста за нивната злоупотреба. Особено си го истакнала членот 17, во кој се додава ставка во која особено значење за преземање на посебни истражни постапки од страна на полициските и царинските органи, доколку постои основно сомневање да се следи одредена пратка, со цел да се спречи организиран криминал со прекурзори, е дефинирано како треба да се изведе истата. Во подетална форма во овој член со даден протокол е добро истото да се допрецизира, за да може со својата надлежност Министерството за здравство, МВР, Царината и Јавното обвинителство да има односно да биде и тоа застапено со истото. Бидејќи, важноста на овој Предлог на закон, верувам за сите нас е многу голема, висока, па затоа би требало сите да го поддржиме и да препорачаме и останатите закони што поскоро што се во областа на опојните дроги односно болестите на зависности да се регулираат на овој начин, за да може превентивно да се делува во спречувањето на болестите на зависности, особено кај младата популација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарма.

Има збор пратеник госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,почитуван заменик министре, колеги пратеници, на кратко би сакала да изнесам својата поддршка за потребата од донесувањето на овие измени на Законот. Бидејќи, Македонија географски е поставена на еден транзитен канал на дрогата и на психотропните субстанци, исто така, неколку елементи укажуваат дека ризикот од

појава на нелегални лаборатории, за производство на синтетски droги е навистина висок и ние мора внимателно да го следиме имплементирањето и на Законот и внимателно да ја стегаме регулативата по ова прашање. Имено, за да се добијат тие синтетски дроги има кадар во Македонија, не се потребни некои услови. Потребна ви е една гаража или некоја просторија со неколку инки и садови. Каналот на овие субстанци е тука, што значи ризикот за да се појавуваат такви лаборатории е навистина голем и мене ми е драго што се врши измена во законскта регулатива со која ќе се стегнат повеќе законските норми, за да не може да се случи тоа. Исто така, бројот на зависници, морам да кажам, во Македонија е растечки. Значи, тоа се сите претпоставки и предуслови за да постои голем ризик во Република Македонија од ширење на една вака негативна појава. Токму тоа е основната причина што е потребно да ги следиме сите регулативи, сите нови, затоа што ова сега се усогласува со една најнова регулатива на Европска унија и да ги внесуваме во нашето законодавство, да ја следиме имплементацијата на Законот, за да не дозволиме да ни се појават некои негативни работи на ова поле.

Факт е дека постапката за чување и надзор на тие откриени и запленети нелегални дроги и субстанци ги дебатиравме на Комисијата со министерот. Таа постапка не е тука уредена.Вие не убедувавте дека е тоа во некоја друга законска регулатива што ќе се направи и јас верувам дека тоа ќе е така. Или на базните, да речам субстанци, со кои ќе се произведува дрога, очекував наскоро таа регулатива да влезе во собраниска процедура, како би можеле потполно законски да го затвориме кругот и да не оставиме празен простор за делување незаконски и на штета на младите луѓе во Македонија.

Значи, исто така, следењето на овие субстанци е многу битно, како и надзорот над нив, за да не послужат за производство на синтетски дроги, што ќе претставува голема опасност за нашата држава. Тоа се, главно причините, поради кои јас го поддржувам Законот. Одредбите се усогласени со она што ни е приложено како директива и со Законот за прекршоци.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекурзори.

Пред да ве повикам да гласаме, би сакал да ги замолам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата, ќе гласаме.

Ги молам пратениците да седнат на совите места и би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Ве молам, бидејќи има доволен број на пратеници во салата, седете на вашите места и ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник и гласањето е валидно.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале сите 57 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Сбранието го усвојува предлогот на оваа седница а се претресе Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 58, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1, член 5, член 7 ставови 3 и 4, член 17 за додавање на став 3 и за менување на став 3 и на член 18 за менување на став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7, ставови 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, за додавање нов став 3 и за менување на став 3,поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18,за менување на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за здравство, повелете.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, и нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Вкупно гласале 59, за гласале 57, нема воздржани, 2 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори.

**Иван Анастасовски: Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за рамномерен регионален развој**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има голем список на пријавени пратеници за збор. Во секој случај има интерес за точката.

Прв за збор е министерот за локална самоуправа.

Повелете господине министре.

**Зоран Коњановски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници на Собранието на Република Македонија,

Уште на мојата прва средба со медиумите го најавив како еден од најзачаните проекти на Министерството на локална самоуправа, токму законскиот проект Закон за рамномерен регионален развој.

Изминаа 6 месеци како Предлог за донесвуање на закон денес ова законско решение се наоѓа токму пред вас.

Зошто сметам дека час поскоро е потребно да се носи еден ваков закон?

Прво, затоа што е дел од Акциониот план за европското партнерство;

Второ, затоа што овој закон е дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и

Трето, затоа што е дел од Програмата на Владата на Република Македонија за 2007 година.

И, не само тоа и не само затоа што овој закон е дел од овие програми или обврска кон законодавството на Европската унија, сметам дека овој закон е силна потреба за Република Македонија. Целта е да се воспостави систем на структури и инструменти, преку кој ќе се води политика на полицентричен рамномерен регионален развој. Се работи навистина за сложен и комплексен законски проект. Можам да кажам дека оваа материја за прв пат се уредува со закон. И Уставот на Република Македонија, во членот 57 упатува на водење грижа за порамномерен просторен и регионален развој, како и развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Меѓутоа, што се случуваше до сега со нас?

Непостоењето на ваква политика за рамномерен развој предизвика огромен диспаритет во развојот на одделни делови од Република Македонија. Тоа не е добро ниту за развиените, ниту за недоволно развиените региони и подрачја.

Она што денеска е видливо за сите нас, дури и за случајниот посетител е големиот контрас на создадени вредности. На територтијата на Република Македонија што зафаќа површина од 25.713 километри квадратни се присутни огромни диспаритети отсликани низ густината на населението, инфраструктурната изграденост, вработеноста или ако сакаме да кажеме невработеноста, насоченоста на инвестициите, степенот на равој и уште многу други спрецифики, што во суштина зборуваат за различниот квалитет на живеење во различните делови од државата.

Според статистичките податоци, на ниво на статистички региони, најголема концентрација на население има во Скопскот регион во кој живеат 28,6% од вкупното население во држават. Според територијалната распространетост, овој регион опфаќа 7,2% од вкупната територија на државата.

Одговор на прашањето зошто овој регион е најгусто населен, дава податоткот дека во Скопскиот регион, во однос на другите 7, стапкат на невработеност, иако не е охрабрувачка, сепак е најмала и изнесува 30,4%.

Исто така, овој регион стои на врвот на листат и според бројот на регистрирани стопански субјекти. Бројка што во овој момент изнесува 67.686.

За разлика од Скопскиот Вардарскиот регион има најмала концентрација на население. Во него живеат само 6,6% од вкупното население на територијата што опфаќа 13,8% од вкупната површина на Република Македонија. Стапката на невработеност е меѓу највисоките, 48, 6% и има најмал број на регистрирани субјекти односно само 9844. Проекциите за иднината алармираат. На Пелагонискиот регион му се заканува демографско опустување. Стапката на порст на населението за период од 1994 до 2002 година има негативен предзнак и изнесува 0,23%. Следствено на ваквиот загрижувачки природен прираст загрижува и податокот дека во овој регион најголем е индексот на стареење на населението и изнесува близу 0,8%. Споредбата на Пелагонискиот и Полошкиот регион од демографскиот аспект личи на црно-бела слика. Контрастот е огромен, особено ако погледот се префрла на Мариовско, на Полошкото поле, од Мариовското на Полошкото поле кое се карактеризира со најголема густина на население во целата држава. Во Полошкиот регион на еден километар квадратен живеат 127 жители, во Пелагонискиот густината на населението е за три пати помала и изнесува 49 жители на еден километар квадратен, на ниво на држава густината на населението изнесува 80 жители на еден квадратен километар. Во ова миље на црно бели варијанти на нашата реалност, со својата разноликост се вклоплуваат и други статистички региони. Североисточниот и Југоисточниот регион имаат подеднаква населеност на скоро идентична територија, на територија што опфаќа нешто помалку од 10% од вкупната територија на државата живеат по 8, 5% од населението. Но, има и разлики илустрирани преку бројот на регистрирани деловни субјекти. Во Североисточниот регион има 10.563, а во Југоисточниот 15.683. Оваа разлика процентуално се одразува и на стапката на навработеност.

Во Североисточниот регион таа стапка изнесува 48,6%, а во Југоисточниот регион за речиси 10% помалку односно околу 34%.

Југозападниот статистички регион се простира на територија што зафаќа 13,4% од вкупната територија на државата.

Источниот регион пак во однос на територијата е поголем за околу 3%. Со Југозападниот имаат сличен број на население. Во овие два статистички региони живеат околу 10% од вкупниот број на население во државата. Стапката на невработеност се разликува за околу 7%. Поголема е во Југозападниот регион и изнесува 42%. Во исто време во Југозападниот статистички регион има и поголем број на регистрирани деловни субјекти т.е. 17.038, а во источниот се 15.122. Компарацијата меѓу одделни статистички региони е направена и се обидов да ви ја претставам пред вас единствено со намера да се прикажат големите диспаритети помеѓу одделни делови во државата, што најекстремно се манифестираат при споредбата на центарот, централното подрачје на Скопје и периферијата на Република Македонија, како и при споредба помеѓу урбаните и руралните населени места. Тоа придонесува денес многу млади луѓе да размислуваат исклучиво да се префрлат во главниот град на Република Македонија во Скопје. Тие размислуваат денес дека е тука иднината, дека е тука шансата за нив и тоа е голема опасност, не само за другите делови на Република Македонија, туку и за Скопје. Дури многу луѓе денес и мене како министер ме прашуват зошто не се преселите со семејството, зошто не дојдете во Скопје, тука е шансата за вас, тука е шансата за вашите деца. Меѓутоа, јас мислам дека тоа ќе биде лоша порака за сите во Република Македонија. И, што се случува денес? За жал, добивме еден град, каде луѓето не можат за час и половина или два часа после работното време да си одат во своите домови. Сообраќаен метеж. Добивме град каде имаме најголемо загадување во Република Македонија и тоа е нормално, затоа што најголем дел од инвестициите и од индустријата се сконцентрирани токму во Скопје. Јас сум сигурен дека нашиот главен град Скопје нема инфраструктурен капацитет за 600-тини до 700 илјади луѓе.

Пред неколку денови на оваа тема се обрати и разговараше и градоначалникот на Скопје. Како на пример, за споредба, Љубљана главниот град на Словенија, децении и децении го задржува истиот број на жители.

На оваа тема се обрати и разговараше и градоначалникот на Скопје. Ако на пример се спореди Љубљана, главниот град на Словенија, децении децении го задржува истиот број на жители. Тоа не е пример со нашиот главен град. Не сакајќи стимулиравме моноцентричен развој кој предизвика диспаритет, огромен диспаритет меѓу центарот и периферијата на нашата држава, кој предизвика диспаритет меѓу урбаните и руралните подрачја. Затоа помеѓу другото напоменав дека носењето, а потоа нормално, и имплементирањето на ваков закон е од суштинска природа за сите во Република Македонија.

За спроведување на тие политики, за амортизирање на ваквите состојби се предвидува во иднина да водиме полицентричен развој.

За оваа цел се предлагаат со овој закон да се востановат осум развојни плански региони што ќе се поклопат со веќе постоечките осум статистички региони во Република Македонија. Ваков приод е одбран од неколку причини.

Прво, веќе има изградено податоци во постоечките статистички региони кои можат да бидат и те како во функција на планирањето на развојот на одредени региони. Тие податоци нормално дека треба да ги користиме.

Од друга страна, постојните статистички региони кои се формирани согласно европските стандарди, денес Европската унија ги препознава.

Што се однесува понатаму до комуникацијата на законот ќе имаме олеснување, затоа што тие

региони, како што кажав се препознаени од страна на Европската унија.

Со самиот закон, се предвидува и општините да имаат многу поактивна политика при планирањето на развојот на планските региони. Носители на рамномерниот регионален развој се следниве структури, кои нормално се подетално опишани во самиот закон. Тие се на национално ниво, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Нормално, дел од тие структури кои треба да ја водат политиката за рамномерен регионален развој е Министерството за локална самоуправа преку своите сектори, или преку Секторот за рамномерен регионален развој, Бирото за рамномерен регионален развој, кои патем, само да спомнам дека и денес постои, меѓутоа ќе се преименува од биро за стопански неразвиени подрачја, ќе се преименува и нормално дека таму ќе треба да се догради соодветен капацитет за да можат да се соочат со предизвиците. Ќе биде Биро за рамномерен регионален развој.

Советите за развој на планските региони, центрите за развој на планските региони, некои сметаат дека се работи за исклуително гломазна содржина, или структура, меѓутоа сакам да ве уверам дека не е така. Компарирајќи го овој закон при изработката, нормално со закноите во Словенија и Литванија, можам да кажам дека денес имаме дефинирани многу едноставна и многу прецизна структура за водење на рамномерен регионален развој.

Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија го формира Владата, а составот треба да биде таков преку неговата работа и функција да се гледа врската помеѓу двете нивоа на власт. Централната власт и локалната власт. Неговата работа ќе ја помагаат комисии составени од експерти за регионален рамномерен развој, претставници од стопанските комори и релевантни партнери од приватниот и граѓанскиот сектор. Административна и техничка поддршка за Советот на рамномерен регионален развој ќе обезбеди Министерството за локална самоуправа.

Бирото за стопански недоволно развиените краишта, како што кажав ќе се преименува во Биро за регионален рамномерен развој. И планирано е во 2008-2009 година да се појача капацитетот на Бирото со кадар, кој ќе биде спремен за новите предизвици.

Советот за развој на планскиот регион се формира за секој плански регион поединечно, а членовите на Советот се градоначалниците на единиците на локална самоуправа, што влегуваат во состав на тој плански регион.

Претседателот на Советот за развој на планскиот регион се избира од редот на членовите на Советот, значи од редот на градоначалниците со мандат од две години.

Работата на Советот, исто така, можат да ја помагаат комисии што ќе бидат составени од синдикатите, здруженија на граѓани како и други релевантни фактори, партнери од граѓанскиот сектор. Тука можат да ни се приклучат и стручни лица за регионален развој, како и разни други здруженија и невладини организации. Во сите развојни плански региони ќе бидат формирани и центри за развој на планскиот регион. Центрите ги основаат единиците на локалната самоуправа што го сочинуваат тој плански регион и ќе имаат својство на правно лице со седиште во општината од соодветниот регион што има најголем број на жители.

Тој ќе ги подготвува планските документи, акционите годишни планови, ќе подготвува предлози за развојни проекти, ќе обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа, па и подготовка на нивните програми. Исто така, ќе врши промоција на развојните можности на самите региони.

Тековното работење на Центарот за развој на планскиот регион ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија и од средствата на единиците на локалната самоурпава.

Рамномерниот развој ќе се планира врз основа на повеќе нивоа на плански документи. Ние можеме да имаме одлична содржина, можеме да имаме одличен закон, меѓутоа треба да го планираме врз нешто. Тоа, врз основа на што ќе го планираме,се планските документи што треба да се изградат. Можам да ви кажам дека веќе отпочнавме со градењето на стратегијата за рамномерен регионален развој. Оваа Влада планира до октомври, најдоцна до ноември да ја заврши и првата верзија на стратегијата за рамномерен регионален развој, еден од клучните документи врз основа на што ќе се почне планирањето, токму е таа стратегија.

Врз основа на стратегијата, понатаму ќе се изработи програмата за рамномерен регионален развој, што ќе биде петгодишна. Значи, оваа десетогодишна стратегија ќе биде покриена со две петтогодишни програми. Врз основа на ова, планските региони ќе изработуваат петтогодишни програмски планови и годишни акциони планови за развој.

Оваа структура на носители на плански документи, обезбедува интегрален и континуиран пристап во водењето на политиката на рамномерниот регионален развој, во што подеднакво ќе бидат вклучени и централното и локалното ниво на власт. За финансирање на рамномерниот регионален развој ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на единиците на локалните самоуправи, фондовите на Европската унија, други меѓународни извори, донации, спонзорства од правни и физички лица. Средствата за поттикнување на регионалниот развој, што се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија.

Покрај осумте дефинирано планско развојни региони за потребите на планирањето, што се дефинирани со законот, дефинирани се и

подрачја со специфични развојни потреби и тоа: стопански недоволно развиени подрачја, подрачја со природни богатства и културно наследство што се заштитени со закон, погранични подрачја, како и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон. Подрачјата се специфични, со специфини развојни потреби, а ќе се утврдуваат врз основа на критериуми и индикатори за нивно идентификување.

Уште во работана верзија, пред овој Предлог-закон да влезе во владина процедура, беше искомуницирaн со ЗЕЛС и е добиено позитивно мислење, што ми дава за право да кажам дека овој закон ќе биде поштеден од дневно-политичките текови.

Може уште многу да се зборува за овој исклучително комплексен и важен закон. Меѓутоа, би сакал да оставам простор и за вас, почитувани пратеници. Планирам, во наредните 40 денови, како министер, заедно со дел од експертите кои го работеа овој закон, како и со дел од администрацијата на Министерството за локална самоуправа да организираме јавни дебати. Посебно сакам да искомуницираме и луѓе кои живеат во осумте статистички региони. Тоа значи дека на тие средби ќе бидат поканети и пратениците од тие региони, стопанските комори, невладиниот сектор, експертската јавност и се надевам, од тие јавни дебати ќе добиеме можеби и подобрување на овој текст што денеска можете да го видите пред вас.

И на крајот, би сакал да ве запознам, бидејќи доста зборувавме за регионите, да ве запознам кои се тие осум статистички односно планско-развојни региони. Се надевам дека во материјалите ги добивте и картите за да можете визуелно да погледнете. Се работи за Пелагонискиот во кој има девет општини, Југоисточниот во кој денес има 10 општини, Вардарскиот кој има седум општини, Источниот во кој денес има 13 општини, Североисточниот со шест општини, Скопскиот во кој има 17 општини, Полошкиот планско развоен период или статистички регион кој има девет општини и Југозападниот кој има 13 општини во својот состав.

Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и вам господине министре.

Процедурално збор има пратеник госпоѓица Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што пред нас имаме исклучително важен закон, а имајќи предвид дека министерот во своето излагање изнесе анализи и податоци што ние ги немаме во образложението на законот од името на пратеничката група на СДСМ барам половина час пауза, да го добиеме стенограмот од неговото излагање, затоа што тоа може да има влијание во нашите понатамошни дискусии по законот.

**Иван Анастасовски: Зоран Коњановски: (Продолжение)**

на оваа тема се обрати и разговараше и градоначалникот на Скопје. Ако на пример се спореди Љубљана, главниот град на Словенија, децении децении го задржува истиот број на жители. Тоа не е пример со нашиот главен град. Не сакајќи стимулиравме моноцентричен развој кој предизвика диспаритет, огромен диспаритет меѓу центарот и периферијата на нашата држава, кој предизвика диспаритет меѓу урбаните и руралните подрачја. Затоа помеѓу другото напоменав дека носењето, а потоа нормално, и имплементирањето на ваков закон е од суштинска природа за сите во Република Македонија.

За спроведување на тие политики, за амортизирање на ваквите состојби се предвидува во иднина да водиме полицентричен развој.

За оваа цел се предлагаат со овој закон да се востановат осум развојни плански региони што ќе се поклопат со веќе постоечките осум статистички региони во Република Македонија. Ваков приод е одбран од неколку причини.

Прво, веќе има изградено податоци во постоечките статистички региони кои можат да бидат и те како во функција на планирањето на развојот на одредени региони. Тие податоци нормално дека треба да ги користиме.

Од друга страна, постојните статистички региони кои се формирани согласно европските стандарди, денес Европската унија ги препознава.

Што се однесува понатаму до комуникацијата на законот ќе имаме олеснување, затоа што тие региони, како што кажав се препознаени од страна на Европската унија.

Со самиот закон, се предвидува и општините да имаат многу поактивна политика при планирањето на развојот на планските региони. Носители на рамномерниот регионален развој се следниве структури, кои нормално се подетално опишани во самиот закон. Тие се на национално ниво, Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Нормално, дел од тие структури кои треба да ја водат политиката за рамномерен регионален развој е Министерството за локална самоуправа преку своите сектори, или преку Секторот за рамномерен регионален развој, Бирото за рамномерен регионален развој, кои патем, само да спомнам дека и денес постои, меѓутоа ќе се преименува од биро за стопански неразвиени подрачја, ќе се преименува и нормално дека таму ќе треба да се догради соодветен капацитет за да можат да се соочат со предизвиците. Ќе биде Биро за рамномерен регионален развој.

Советите за развој на планските региони, центрите за развој на планските региони, некои сметаат дека се работи за исклуително гломазна содржина, или структура, меѓутоа сакам да ве уверам дека не е така. Компарирајќи го овој закон при изработката, нормално со закноите во Словенија и Литванија, можам да кажам дека денес имаме дефинирани многу едноставна и

многу прецизна структура за водење на рамномерен регионален развој.

Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија го формира Владата, а составот треба да биде таков преку неговата работа и функција да се гледа врската помеѓу двете нивоа на власт. Централната власт и локалната власт. Неговата работа ќе ја помагаат комисии составени од експерти за регионален рамномерен развој, претставници од стопанските комори и релевантни партнери од приватниот и граѓанскиот сектор. Административна и техничка поддршка за Советот на рамномерен регионален развој ќе обезбеди Министерството за локална самоуправа.

Бирото за стопански недоволно развиените краишта, како што кажав ќе се преименува во Биро за регионален рамномерен развој. И планирано е во 2008-2009 година да се појача капацитетот на Бирото со кадар, кој ќе биде спремен за новите предизвици.

Советот за развој на планскиот регион се формира за секој плански регион поединечно, а членовите на Советот се градоначалниците на единиците на локална самоуправа, што влегуваат во состав на тој плански регион.

Претседателот на Советот за развој на планскиот регион се избира од редот на членовите на Советот, значи од редот на градоначалниците со мандат од две години.

Работата на Советот, исто така, можат да ја помагаат комисии што ќе бидат составени од синдикатите, здруженија на граѓани како и други релевантни фактори, партнери од граѓанскиот секгор. Тука можат да ни се приклучат и стручни лица за регионален развој, како и разни други здруженија и невладини организации. Во сите развојни плански региони ќе бидат формирани и центри за развој на планскиот регион. Центрите ги основаат единиците на локалната самоуправа што го сочинуваат тој плански регион и ќе имаат својство на правно лице со седиште во општината од соодветниот регион што има најголем број на жители.

Тој ќе ги подготвува планските документи, акционите годишни планови, ќе подготвува предлози за развојни проекти, ќе обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа, па и подготовка на нивните програми. Исто така, ќе врши промоција на развојните можности на самите региони.

Тековното работење на Центарот за развој на планскиот регион ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија и од средствата на единиците на локалната самоурпава.

Рамномерниот развој ќе се планира врз основа на повеќе нивоа на плански документи. Ние можеме да имаме одлична содржина, можеме да имаме одличен закон, меѓутоа треба да го планираме врз нешто. Тоа, врз основа на што ќе го планираме,се планските документи што треба да се изградат. Можам да ви кажам дека веќе отпочнавме со градењето на стратегијата за рамномерен регионален развој. Оваа Влада планира до октомври, најдоцна до ноември да ја заврши и првата верзија на стратегијата за рамномерен регионален развој, еден од клучните документи врз основа на што ќе се почне планирањето, токму е таа стратегија.

Врз основа на стратегијата, понатаму ќе се изработи програмата за рамномерен регионален развој, што ќе биде петгодишна. Значи, оваа десетогодишна стратегија ќе биде покриена со две петтогодишни програми. Врз основа на ова, планските региони ќе изработуваат петтогодишни програмски планови и годишни акциони планови за развој.

Оваа структура на носители на плански документи, обезбедува интегрален и континуиран пристап во водењето на политиката на рамномерниот регионален развој, во што подеднакво ќе бидат вклучени и централното и локалното ниво на власт. За финансирање на рамномерниот регионален развој ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на единиците на локалните самоуправи, фондовите на Европската унија, други меѓународни извори, донации, спонзорства од правни и физички лица. Средствата за поттикнување на регионалниот развој, што се издвојуваат од Буџетот на Република Македонија се утврдуваат со акт на Владата на Република Македонија.

Покрај осумте дефинирано планско развојни региони за потребите на планирањето, што се дефинирани со законот, дефинирани се и подрачја со специфични развојни потреби и тоа: стопански недоволно развиени подрачја, подрачја со природни богатства и културно наследство што се заштитени со закон, погранични подрачја, како и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон. Подрачјата се специфични, со специфини развојни потреби, а ќе се утврдуваат врз основа на критериуми и индикатори за нивно идентификување.

Уште во работана верзија, пред овој Предлог-закон да влезе во владина процедура, беше искомунициран со ЗЕЛС и е добиено позитивно мислење, што ми дава за право да кажам дека овој закон ќе биде поштеден од дневно-политичките текови.

Може уште многу да се зборува за овој исклучително комплексен и важен закон. Меѓутоа, би сакал да оставам простор и за вас, почитувани пратеници. Планирам, во наредните 40 денови, како министер, заедно со дел од експертите кои го работеа овој закон, како и со дел од администрацијата на Министерството за локална самоуправа да организираме јавни дебати. Посебно сакам да искомуницираме и луѓе кои живеат во осуте статистички региони. Тоа значи дека на тие средби ќе бидат поканети и пратениците од тие региони, стопанските комори, невладиниот сектор, експертската јавност и се надевам, од тие јавни дебати ќе добиеме можеби

и подобрување на овој текст што денеска можете да го видите пред вас.

И на крајот, би сакал да ве запознам, бидејќи доста зборувавме за регионите, да ве запознам кои се тие осум статистички односно планско-развојни региони. Се надевам дека во материјалите ги добивте и картите за да можете визуелно да погледнете. Се работи за Пелагонискиот во кој има девет општини, Југоисточниот во кој денес има 10 општини, Вардарскиот кој има седум општини, Источниот во кој денес има 13 општини, Северноисточниот со шест општини, Скопскиот во кој има 17 општини, Полошкиот планско развоен период или статистички регион кој има девет општини и Југозападниот кој има 13 општини во својот состав. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и вам господине министре.

Процедурално три минути пратеник госпоѓица Грковска Славица, повелете.

**Грковска Славица:** Благодарам потпретседателе,

Со оглед на тоа што пред нас имаме исклучително важен закон, а имајќи предвид дека министерот во своето излагање изнесе анализи и податоци што ние ги немаме во образложението во законот, од името на пратеничката група на СДСМ барам половина час пауза да го добиеме стенограмот од неговото излагање, затоа што тоа може да има влијание на нашите понатамошни дискусии по законот.

**Иван Анастасовски:** Во секој случај, деловнички е пратеничката група да побара пауза.

Јас ќе објавам пауза од половина час и би замолил за тоа време да биде готов стенограмот што го побара пратеничката група од говорот на министерот и да се достави до сите пратеници.

Половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 17,16 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

По барањето на пратеничката група на СДСМ, стенограмот е поделен на пратениците.

Збор има пратеник Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседтеле, почитувани колеги,

Транзицијата е долг комплексен и конфликтен процес. Тој е процес кога една држава се менува од корен, со премин од социјализам во демократска држава, а економијата се менува и се трансфромира од планска, со пазарна, со слободен пазар и цени и како трето, и можеби најтешко, а најболно, но и најзначајно приватизацијата на дотогаш државно контролираните претпријатија и денационализацијата.

Само кога една земја ќе биде успешна во овие три етапи, може да се каже дека успешно ја има пребродено транзицијата. И доколку можеме да се пофалиме со огромен успех во однос на преминот во демократска држава, секако дека не можеме да се пофалиме со македонска приватизација и премин од планско производство во слободен пазар.

Имено, различните природни, економски демогравски, социјални, инфраструктурни карактеристики на општините и подрачјата во Република Македонија сдоздадоа услови за појава на огромни регионални диспаритети во однос на севкупниот општествено-економски развој, како и макро-економски амбиент кој не водеше кон некоординираност во регионалниот развој.

Ваквите тенденции продолжија и до денес, што резултираше со состојба окарактеризирана со моноцентрична регионална структура, со нагласена моќ на главниот град, економска и социјална деградација на системот на градовите од средна големина, зголемување на разликата меѓу урбаните и руралните места, отсуство на развојно програмски документи, отсуство на нормативната рамка, некоординирани секторски развојни политики, слаб институционален капацитет на национално и локално ниво, со управување на регионалниот развој итн.

Бидејќи развојот, усовршувањето и унапредувањето на регионалната политика и создавање на квалитетни предуслови за да реално се овозможи рамномерен регионален развој се едни од приоритетите на Владата на Република Македонија. Денес пред нас се наоѓа закон за рамномерен регионален развој кој заедно со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, треба да придонесе кон воспоставување на соодветна институционална и правна рамка за обезбедување на рамномерен регионален развој во Република Македонија.

Моменталната состојба на тереност,односно некои од проблемите кои постојат кон остварувањето на еднаков регионален развој се неуредноста со закон на односите во областа на регионалниот развој, преклопувањето на надлежностите помеѓу различните органи на државната управа, во поглед на насочување на средствата за регионален развој, не постоење на единствени критериуми за распределба на средствата, не постоење на национална стратегија, или програма за единствено насочување на средствата од Буџетот на Република Македонија итн.

Токму затоа целите кои ќе се постигнат со овој закон се рамномерност на регионалниот развој, партнерство меѓу државата и единиците на локалната самоуправа, при планирањето на регионалниот развој, како и јавност и транспарентност во планирањето и спроведувањето на овој процес.

Со овој закон ќе се овозможи воспоставување на коегзистентна политика по управување во регионалниот развој, зајакнување на улогата на единиците на локална самоуправа во иницирањето и реализацијата на развојните цели,

развој на полицентричен модел, за економски развој, создавање услови за раст на домашните и странските инвестиции, креирање регионална политика, конпатибилна со онаа на Европската Унија, намалување на развојните диспаритети меѓу одделни подрачја на територијата на Република Македонија, забрзување на развојот на подрачјата кои се насочуваат и заострени економски и социјални проблеми и уште многу други цели, кои ќе ја креираат основната рамка на процесот на овозможување еднаков регионален развој.

Ваквата слика која постои денес во Македонија, претставува еден пример за тоа како не би требало да изгледа регионалната политика и развој на една земја. Тоа е слика која е резултат на еден повеќе годишен процес на негрижа и неодговорност на сите нас кои ја имаме законодавната моќ, односно моќта да преземеме нешто во врска со овој проблем.

Меѓутоа, ова е Македонија и тука сеуште не е сфатена со онаа старата поговорка:" Подобро да спречиме, отколку да лечиме". Меѓутоа, морам да истакнам дека иако потфрливме во поглед на спречувањето на овој процес долги години, барем искрено се надевам дека ќе ги правиме првите посериозни чекори кон лечењето на ефектите од истиот.

Зошто ние е потребен овој закон? Заради рамномерна социјалекономска развојна политика во Република Македонија да направиме пристојно место за живеење на граѓаните, како во руралните, така и во градските средини.

За прв пат се носи овој закон, што е за големо поздравување, како од страна на Владата на Република Македонија, така и од амбициозниот министер за локална самоуправа, претставник на оваа Влада.

Токму затоа би сакала уште еднаш да истакнам дека целосно го поддржувам овој закон и ви се заблагодарувам за вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Стефановска,

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска. Повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

И покрај тоа што многу малку не има овде во овој пратенички дом. Не знам јавноста што би рекла. Не ми смета воопшто, меѓутоа, ги нема оние што треба да бидат тука. Нека покаже камерата да види.

**Бесим Догани:** Ве молам повелете.

**Благородна Цветковска:** Денес на оваа седница имаме точка на дневен ред: Предлог за донесување на закон за рамномерен регионален развој. Точно со овој Предлог закон правиме исчекор во напорите кон рамномерен регионален развој.

Го поздравувам донесувањето на овој Предлог закон, доколку тој ќе има до крај применливи решенија. Инаку, на прв поглед ми наликува на некаква декларација, која верувам е во прва фаза и со нашите дискусии и предлози ќе се доизгради.

Целта на донесувањето за рамномерен регионален развој е обезбедување услови за рамномерен и одржлив развој на земјата, надминување на развојните диспаритети помеѓу одделни подрачја и унапредување на нивните специфики, како и зачувување на природните човекови вредности.

Во образложението на министерот овој закон се предлага и како предложен закон е во согласност со членот 57 од Уставот на Република Македонија, според кој Република Македонија го потикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен, просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопанско недоволно развиените подрачја.

Целта на донесувањето на предложениот закон е обезбедување на услови за рамномерен и одржлив развој на земјата, надминување на развојните разлики меѓу одделни подрачја, како и зачувување на природнинте и културните вредности.

Како носители на рамномерниот регионален развој на национално ниво, спомнато е дека ќе бидат Советот за рамномерен регионален развој, Министерството за локална самоуправа и Бирото за рамномерен регионален развој. Беше изнесено дека веќе е во подготовка, односно веќе видовме и плански документ Стратегија за регионален развој на Република Македонија.

Со овој предложен закон се отвораат можности за соработка на рамноправна основа помеѓу органите на централната власт и единиците на локална самоуправа во подготовката, имплементација, мониторингот и евалвацијата на планските документи за регионален развој.

Има потреба од усогласување на ставовите на органите на централна власт и на единиците на локална самоуправа. Исто така, треба да се превземат максимални напори овој предложен закон, не да се користи за политички цели, имајќи ја предвид важноста на законската рамка за регионален развој на оваа држава.

Потребно е во иднина да се посвети поголема грижа во зачувување на обработливото земјиште и водоснабдувањето од аспект на поголема контрола во издавање на дозволи за градба на објекти на земјиштето, или во близина на природни извори на вода, со цел да се зачува природниот потенцијал на државата.

Имам позитивно мислење за потребата од донесување на ваков предложен закон. Но реков, уште еднаш ова ми наликува на некаква декларација која во секој случај ќе претрпи поголеми измени.

Предложениот закон претставува добар обид да се спречи во иднина нерамномерниот регионален развој на државата. Укажувам на потребата што побрзо да се отпочне со процесот на рамномерен развој на регионите.

Потребно е да се посвети поголемо внимание на начинот на финансирање на тој рамномерен регионален развој. Стратегијата за регионален развој на Република Македонија ќе претставува долгорочен, стратешки и плански документ. Потребно е стратегијата да ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

Од изнесувањето на министерот за локална самоуправа, господинот Зоран Коњановски, со законот истакна дека се планира да бидат формирани 8 плански региони во државата, со кои ќе се опфатат постојните 8 територијални единици според номенклатурата на статистиката. Ние сега за прв пат ги видовме како е направена оваа поделба по овие единици, не е некоја новина, ова и досега го имаше.

Мислам дека во процесот на регионалниот развој на државата треба да се земе сегашниот степен на развиеност на регионите, односно општините, при што, треба да се има предвид да се обезбеди поголем развој на понеразвиените региони.

Зошто го предлагам ова? Затоа што овде од овој преглед што ни е даден имаме поделба североисточен, источен, вардарски, скопски, полошки, југозападен, пелагониски.

Бидејќи јас доаѓам од источна Македонија, посебно од градот Крива Паланка кој има големо стратешко значење, се наоѓа на тромеѓето на границата према Бугарија, Србија и Република Македонија, има голема и значајна стратегија во овој североисточен регион, затоа и потенцирам дека акцент треба да се стави, токму на овој дел од источна Македонија, посебно на североисточниот и источниот дел, каде што навистина, се соочуваме со многу пасивни краишта, ридско планински краишта, кои навистина воопшто не се развиени. Постојат големи диспаритети помеѓу овие региони, а токму овие се за пример, каде што навистина, нема услови да се развиваат, бидејќи се ридско планински.

Мое мислење е дека одредени министерства од главниот град Скопје треба да се преместат во други градови низ Републиката, со што ќе се постигне развој на општините. Што би пречело ако некое министерство се наоѓа на пример, во Крива Паланка. Што би пречело во помалите места. Уште поголем ефект ќе се постигне и на тој начин можеби и поголем ефект во развојот на она што сакаме да го постигнеме со овој закон.

Со овој закон, треба да се зајакне улогата на локалната власт во однос на развојот на недоволно развиените подрачја. Да се вклучат претставници од локалната власт во предвидените органи со овој закон. Тоа ќе значи поголемо влијание и учество на претставниците на локалната власт, значи на оние кои директно се заинтересирани и коои најдобро ги познаваат проблемите во креирање на политиката и стратегиите за рамномерен регионален развој.

Предложениот закон треба да обезбеди прецизни, разбирливи и практично применливи решенија, со цел планските региони да станат атрактивни за вложување и инвестирање, но, тука приоритет да имаат недоволно развиените подрачја, со посебен акцент да се даде на нив. Посебно во источниот дел од Македонија, бидејќи таму навистина, има што да се види. Кој да ја посети Македонија има што да види.

Како второ, граничните области, а такви гранични области ги има многу, а еден од таквите гранични области е овој за кој ја зборував токму од регионот од кој доаѓам. Тој е граничен со многу големо значење. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, има уште 20-тина минути до 18,00 часот. Мислам дека не ми е доволно време за дискусија и би побарал од вас, за да не ме прекинувате, а да не ги малтретираме и останатите, овие 12-13 пратеници, претежно од внатрешноста, со исклучок тука на госпоѓа Дулиќ, Кондарко и Рахиќ, еве и Авировиќ, мислам дека, доколку се согласите да ја прекинеме, бидејќи ми е недоволно да се искажам во овие 15 минути.

**Бесим Догани:** Господине Најдовски, можеме да направиме компромис, да му дадеме збор, ако сакате на Димитровски Ратко, а вие да бидете следен дискутант.

**Слободан Најдовски:** Нема проблем, се согласувам.

**Бесим Догани:** Добро, тогаш Димитровски Ратко има збор, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам.

Меѓутоа, потполно го почитувам колегата Најдовски. Исто така и мојата дискусија, тоа е една од многу битните теми, не случајно се пријавивме за дискусија, жал ми е што има така малку интерес кај останатите колеги пратеници, меѓутоа суштината на овој закон е така битна, така голема, така јака, што мислам дека нема никаква смисла да се почне, па да се прекинува и на тој начин да се води седницата. Мислам дека треба да продолжиме така како што вие ќе барате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Тогаш, во ред, господинот Најдовски беше прв пријавен за збор, Димитровски Ратко, потоа ниту еден од нив не сака да збори, па ќе мораме тогаш ...

(Дофрлање од место)

Знам, вие сакате да не бидете прекинати. Но, јас морам да го почитувам работното време.

Така што, господине Најдовски, ќе морате да одржите говор. Повелете.

(Реакција од страна на пратеникот Најдовски)

Не, не, ќе се вратат.

Господине Најдовски, присутните пратеници сакаат да продолжат до крај, така што мора да продолжиме.

**Слободан Најдовски:** Во ред потпретседателе, нема проблем.

Почитуван господине потпретседателе, тогаш јас ќе се обидам да завршам до 18,00 часот.

Почитувани неколку колеги пратеници, почитуван господине министре,

Жал ми е што оваа тема предизвикува интерес само кај пратениците кои не живеат во Скопје за да дискутираат. Гледано вака, на оваа листа има двајца пријавени кои се од Скопје, но едниот е од друга изборна единица надвор од Скопје. Сите 15 останати се со место на живеење надвор од Скопје.

Ова прво ви покажува, дами и господо, зошто овој закон е интересен само за нас кои сме надвор од Скопје и можеби тоа е знак на револтот и незадоволството од досегашниот развој, регионален на Република Македонија.

Овде ...

Потпретседателе, ако нема потреба не зборувам. Јас затоа ви реков да ја прекинете оваа седница, но нека ви е жив инаетот, ќе тераме тогаш до крај.

**Бесим Догани:** Ве молам продолжете.

**Слободан Најдовски:** Зборувајќи и на комисиите што го разгледуваа овој Предлог за донесување на закон и од првите две дискусии и на колешките пратенички и од воведното излагање на министерот беше изразена неповолната структура на економскиот регионален развој на Македонија, потенцирам на економскиот развој, регионален, на Македонија, затоа што моето длабоко убедување е дека не е во прашање само економскиот рамномерен регионален развој на Република Македонија, туку е прашање на сконцентрираноста на политичката моќ во центарот на Република Македонија, а тоа е во Скопје.

Од таа концентрација на политичка моќ произлегува и нерамномерниот развој на регионите во Република Македонија. но, добро е тоа што конечно се сетивме дека ја плаќаме таа цена. Таа цена ја плаќа и Скопје, заради тоа што стана задушен град, град кој што тешко може да функционира и кој што ги чувствува веќе последиците од таквиот развој на Република Македонија.

Господинот министер изнесе неколку податоци. Јас само ќе надополнам, за да ја имаме сликата, да видиме каков е односот на Република Македонија, Скопје, со останатите региони.

И во самиот материјал стои дека 91% од вкупните инвестиции во Република Македонија се во Скопје. Ако пак ги анализирате приходите по жител, што се во Република Македонија, ќе дојдете до податок дека приходите по жител во Скопје се 10.090 денари, додека во другите општини се движат од 4.052 денари до 4.584 денари. Тоа ја покажува, уште на самиот почеток големата разлика.

Или, ако ги земете во предвид капиталните инвестиции, Скопје има 4.532 денари по жител инвестиции, наспроти 1.490 денари по жител во општините што се над 50 илјади жители, а да не зборуваме оние помали општини или населени места во Република Македонија. Оттука, уште еднаш ќе повторам сконцентрираната политичка и економска моќ во Република Македонија сконцентрирана во Скопје го даде овој негативен резултат во Република Македонија. Сега веќе имаме ситуација на размислување која што не тера да размислуваме дека тоа е поволно за Република Македонија и дека таа ситуација треба да се спречи, барем понатаму така да се развива. Но, имам впечаток дека тоа е само декларативно залагање, а тоа ќе го потврдам и со аргументи. Да го земеме пример Буџетот на Република Македонија, онаму од каде што директно Владата може да влијае на рамномерен регионален развој во Република Македонија.

Кога го донесувавме Буџетот, јас за тоа дискутирав, имав неколку амандмани во таа насока но не беа префатени и денес сме сведоци од Буџетот на Република Македонија се издвојуваат главно 90% средства за инвестиции во Скопје, еден мал дел од Тетово сега и 50 милиони денари за зоната во Штип. Каде се останатите градови во Република Македонија. Во Скопје се дава за спортската сала од Буџетот, во Скопје за истражување на Калето од Буџетот, во Скопје за изградба на театарот од Буџетот, во Скопје ќе се гради Музеј на жртвите од комунизмот, од Буџетот, во Скопје ќе се гради Музејот на ВМРО. Постојата ли други градови, постојат ли други општини во Република Македонија. Значи ли дека Владата од една страна декларативно ќе предлага закони за рамномерен регионален развој, од друга страна сите инвестиции ќе ги насочи овде.

Во изминатите 4 години од претходната власт, поранешниот министер за култура, господинот Стефановски беше напаѓан зошто 4 милиони долари одвои за реставрација на Широк Сокак во Битола, а сега ...

(Госпоѓата Благородна Дулиќ дофрлува од место)

Госпоѓо Дулиќ имате ли нешто да ми кажете? Повелете ако имате спремен сум да разговараме. Да, и Пелинце и годинава претседателот Љубиша Георгиевски после вториот ден од изборот отиде во Пелинце да прославува и одржа голем народен собир со кој што се гордеевте. И тоа е добро. Ако сакате и за Пелинце ќе разговараме госпоѓо Дулиќ и за сите отворени работи за кои што сакате ќе разговараме.

Се доведовме во ситиација дури и склуптурите од Хераклеа да ни ги земат од Битола, па сега кога ќе дојдат во Скопје, ќе кажат да, овие се склуптури од Хераклеа, а Хераклеа каде се наоѓа - далеку е, не е во Скопје. Се плашам да не ни ги земат и мозаиците од Хераклеа за извесен период.

Клириншкиот долг кој што сега се преговара да се реши со Русија, повторно ќе се инвестира Скопје, Тетово и еден крак до Штип. Тоа се пари на сите граѓани. За сите овие пари за кои што досега зборувам се пари од Буџетот на Република

Македонија кој што го полнат сите граѓани на Република Македонија. Таков рамномерен регионален развој дами и господо нема.

Затоа што треба прво, треба прво да ја промениме свеста кај нас дека навистина тоа сакаме да го направиме. Мене ми е жал што малку колеги има овде од пратениците од Скопје, но можеби сето ова што е резултат и при распределбата на Буџетот е резултат при распределбата на пратеничките места во Парламентот. Во овој Парламент има преку 50 пратеници кои што се од Скопје. И тоа е рамномерен регионален развој на Република Македонија. Ако не се повлечат тие неколку пратеници во Влада, кои што беа од Скопје ќе имавме тогаш ситуација 50% од пратениците да бидат од Скопје. Таа е политичката моќ за која што јас зборував, која што е сконцентрирана тука.

Сето ова не го зборувам со цел дами и господа да се конфронтирам со вас, туку го зборувам како реален факт кој што постои. Го зборувам како реална состојба која што ќе има страшно негативни последици врз Република Македонија ако вака продолжиме. Кажете ми една голема банка која што е надвор од Скопје. Кажете ми една голема осигурителна компанија надвор од Скопје. Кажете ми едно странско претставништво што е поголемо надвор од Скопје. Сето ова ќе не доведе во ситуација да се соочиме со проблемот со кој што се соочи Скопје прво.

Од тие причини прво што треба да направиме е да се смени свеста за сфаќањето за регионалниот развој и навистина со конкретни чекори, со конкретни мерки правиме рамномерен развој во Република Македонија.

Следната работа што сакам да ја продискутирам околу самиот закон за рамномерен регионален развој, тоа го посочив на Комисијата за економија е тоа што ова прет се претставува една рамка од која што треба да се согледаат само почетните контури. Но, ако остане на ова неразработен и да ги немаме дефинирано целите што сакам да ги постигнеме и иструментите кои што тие цели ќе ги постигнеме тогаш не сме направиле ништо. Кога зборувам за тоа мислам на следново.

Не може овој закон да биде добар закон ако не се разработи стратегијата, инструментите за финансирање на рамномерниот регионален развој на Република Македонија.

Во законот каде што се зборува за финансирање, во член 29 се наведени кои се начините како тоа би се овозможило. Но сметам дека треба директно да се посочи на кој начин сето тоа ќе се оствари. Еден пример. Се вели даночно олеснување. Ние треба точно да знаеме што сакаме да постигнеме со даночните олеснувања. Пример од одредени земји, развиени во светот каде што за една иста работа ако вложувате имате различни оданочувања. Дури сметам дека треба да одиме уште понатаму. Во рамките на овие региони кои што се формирани треба да имаме микро региони кои што ќе овозможиме со одредени даночни олеснувања, со одредени мерки каде што тие ќе се стимулираат, затоа што Пелагонискиот регион не е поддеднакво развиен во сите делови. Го имате од една страна делот на Мариово каде што веќе нема жители, имате урбани делови кои што се развиени. Затоа многу е битно кои мерки ќе се преземат за да се стимулира рамномерниот регионален развој на Република Македонија.

Следното е, сметам дека во законот премногу се остава простор за дискреционите можности за одлучување на Владата. Не на оваа Влада, затоа што овој закон треба да трае со години, туку на идни влади кои што ќе доаѓаат. Треба да се оневозможи одредени министри дискреционо да одлучуваат за развој на одреден регион. Затоа мојот предлог беше и на Комисијата во членот 9 стратегијата за регионален развој на Република Македонија да не ја носи Владата, бидејќи таа е стратегија за период од 10 години, туку да ја носи Собранието на Република Македонија.

Зошто сметам дека треба Собранието да ја носи. Од причини што во Собранието прво имате застапници на интересите на граѓаните од различни региони. Владата може да биде од еден помал дел одредени региони да ги преставува.

Второ заради тоа што стратегијата се носи за период од 10 години, тоа е претпоставка во реална, нормална процедура на избори. Значи, од 2,5 изборни циклуси во Република Македонија или изборни циклуси во кој што може две различни влади да ја спроведуваат. Ако е така затоа сметам дека е најдобро во Собранието каде што има претставници и на позиција и на опозиција да се носи стратегијата која што потоа ќе биде насока, правец за рамномерен регионален развој на Република Македонија без разлика на политичката партија која што во тој момент ја сочинува Владата.

Следното е прашањето околу член 16 советот на рамномерен регионален развој на државно ниво, кој што се претпоставува. И тука е речено дека составот и начинот на работата на советот за рамномерен регионален развој се уредува со акт на Владата на Република Македонија. Сметам дека и овие акти треба да ги носи Собранието на Република Македонија од истите причини што ги кажам околу изработката на стратегијата за рамномерен регионален развој.

Имам уште 2-3 минути господине потпретседателе и јас си го оставам правото за понатаму да дискутирам. Останувам на вашата желба сакате вака да ја истерате седницата како што вие имавте намера, иако тоа не е добро затоа што прв пат се слчува кога пратеник ќе каже дека има повеќе да дискутира тоа да не го дозволите, но би заклучил, би завршил со почитување на овие колеги пратеници што останаа во Парламентот да не им го одземам времето со тоа што не можеме со никаков закон да го решиме рамномерниот регионален развој на Република Македонија доколку не го смениме сфаќањето во нашите глави дека подеднакво треба да ги

развиваме сите делови во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Што се однесува до тоа што продолживме со седницата на пратениците сме овозможиле да прекинат кога се работело за 3 минути, 5 минути. Имаше повеќе од половина час, имаше присутни пратеници кои сакаат да продолжат до крај.

За реплика се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, почитуван колега Најдовски,

Со задоволство секогаш ве слушам и сметам дека сте еден од најдобрите и најквалитетните пратеници и во добар дел се согласувам со дискусијата. Не во добар, туку во најголем дел, меѓутоа она што го рековте дека најголемиот дел од пратениците се од Скопје, што јас се согласувам, меѓутоа не е фалинката на нас скопјаните, фалинката е во политичките партии. Проблемот е друг, рамномерниот развој на Република Македонија и растот на Скопје во едно енормно голем Град повторно го детерминираа луѓе кои не беа од Скопје, луѓе кои се дојдени тука, студирале, биле пратеници или министри, па останале , па развојот на Скопје тие го одредувале. Ги заборавале родните огништа, селските училници од кои дошле или ливадите на кои го паселе добитокот и слично.

Затоа ќе ве замолам, без оглед на се, тука имате министри кои станаа советници во Град Скопје, а немаа жителство. Во тој дел апсолутно ви давам поддршка за тоа што зборувате, меѓутоа, немојте сега скопјаните да ги ставате на столбот на срамот, малку Грците не малтретираат, сега и вие не направивте како црни овци.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Контра реплика од една минута за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Добро господине Рахиќ не би сакал во ваш стил затоа што јас сакам да си ја задржам сериозноста до крај по однос на законот кој ни е предложен, бидејќи се работи за еден изразито сериозен закон и јас воопшто немав намера вас, се извинувам ако ве навредив, како скопјанец, јас воопшто не ги навредив граѓаните на Скопје, туку напротив, сакав да укажам на проблемот со кој се соочува и ќе се соочува Скопје заради сконцентрираноста на политичката и економската моќ токму овде во центарот на Република Македонија.

Проблемите од ваквата стратегија или ваквиот развој во изминатиот период, пред се, ги чувствуваат скопјани.

Инаку, господине Рахиќ јас во секое време ве поканувам од моето село, можете да ми дојдете на гости, јас не сум од тие кој сум дошол во Скопје и си го заборавил селото, сепак си живеам на село.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

За реплика се пријави министерот за локална самоуправа, повелете.

**Зоран Коњановски:** Благодарам.

Најмалку што сакав да направам со мојата дискусија и со предлагањето на овој закон е да водиме дискусија за и против Скопје. Мислам дека дојде време кога не треба повеќе да водиме такви дискусии за и против Скопје, за Источна или Западна Македонија, туку да зборуваме за конкуренција и развој точно на овие плански развојни региони.

Би сакал само да исправам една невистина која беше кажана од говорницата дека во Буџетот на Република Македонија сите инвестиции ќе бидат наменети точно за Скопје и за некои други краишта од Македонија како Тетово. Навистина можам да кажам дека со имплементација на овој закон ќе почнеме од 1 јануари 2008 година и од тогаш ќе почнат да се формираат самите структури. Јас не знам во овој момент дека во Министерството сите средства се наменети за Скопје или Тетово или Гостивар. Напротив, има програми, тиес редства ќе бидат наменети за сите краишта во Република Македонија.

Исто така беше напоменато додека беше министер за култура господинот Благој Стефановски од Буџетот на Република Македонија беа издвоени 4 милиони евра за Широк Сокак. Колку што знам, навистина господинот Благој Стефановски има придонес за Широк Сокак, меѓутоа, за поставувањето на бистата на Тито, меѓутоа, за тие средства од 4 милиони евра, мислам дека граѓаните на Битола многу добро знаат кој е заслужен и кој придонесе да бидат издвоени тие средства.

Околу дискреционите можности, јас навистина не гледам со овој закон каде има дискрециони можности на министерот да одлучува за развојот на регионите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре.

Контра реплика од една минута за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Во овој Парламент имам речено дека нема да реплицирам без разлика на се со пратеници од Битола, без разлика во кои политички партии припаѓаме, најмалку сега сакам со господинот Коњановски, но неколку работи да ги разјасниме.

Во самиот материјал образложение на законот и во вашето уводно излагање токму вие ја потенциравте разликата помеѓу Скопје и останатите градови во Република Македонија.

Во образложението прво стои токму за таа разлика.

Втора работа, јас го спомнав само како пример со господинот Стефановски, точно е дека 4 милиони долари беа за реставрација на фасадите на Широк Сокак во Битола. Сега на некој му е мило или не му е мило, тоа е друго.

Во овој момент кажете од податоците што ги изнесов сите се во Скопје и новиот театар и Калето и спортската сала и не знам уште што,

сега скулптурите од Хераклеа што ни ги зедоа, сето тоа се фактички податоци и така е. Ако не е така, слободно демантирајте ме.

**Бесим Догани:** Бидејќи е веќе 18,00 часот, тука ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме во понеделник во 12,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,01 часот)